**Контакт**
Адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41А, п. фах 55, 1060 Скопје
телефон: +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298
е-пошта: mcms@mcms.mk
веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/mcms.mk
Slideshare: http://www.slideshare.net/mcms.mk
Twitter: http://twitter.com/mcms.mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk

# АНАЛИЗА НА БУЏЕТСКОТО ФИНАНСИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО

СИМОНА ОГНЕНОВСКА

МЦМС МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
CNVOS Center za informiranje, sodelovanje in razvoj nevladnih organizacij

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

2017

# АНАЛИЗА НА БУЏЕТСКОТО ФИНАНСИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО

**Наслов на анализата:**
Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво

**Издавач:** Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

**Авторка:**
Симона Огненовска

**Лектура:** Даниел Медароски

**Тираж:** 300 примероци

**Дизајн и печатење:** Arcuss Design

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

354.073.52:061.2(497.7)(047)

ОГНЕНОВСКА, Симона
Анализа на буџетското финансирање на граѓанските организации на централно ниво / [авторка Симона Огненовска]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2017. - 53 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 46-48. - Содржи и: Прилог

IISBN 978-608-4681-91-5

а) Граѓански организации - Државно финансирање - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 104531978

**Наслов на проектот:** Кон реформирано државно финансирање на граѓанските организации

**Контакт**
Адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41А, п. фах 55, 1060 Скопје
телефон: +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298
е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk;
Scribd: http://www.scribd.com/mcms.mk;
Slideshare: http://www.slideshare.net/mcms.mk;
Твитер: http://twitter.com/mcms.mk;
Фејсбук: http://www.facebook.com/mcms.mk

Мислењата што се изразени овде и припаѓаат на авторката и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.
Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжението.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk. Документот е подготвен со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствено одговорност на Македонски центар за меѓународна соработка и Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации и на ниту еден начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

**ПРЕДГОВОР**

*Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од своето воспоставување прави напори за создавање овозможувачка околина за граѓанско општество. По 2007 година, МЦМС започнува темелно да се залага за подобрување на државното финансирање на граѓанските организации, пред сѐ преку истражување и информирање за можностите за подобрување на целокупниот систем за финансиската поддршка за граѓанското општество. Во 2009 година МЦМС подготви детален компаративен преглед на можностите за финансирање на граѓанските организации од страна на државата во неколку европски земји (Хрватска, Англија, Франција, Унгарија и Ирска), како и постоечките решенија во Македонија во рамките на публикацијата „Финансирање на граѓанските организации од страна на државата". Во 2016 г. МЦМС го издаде документот за јавни политики „Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед" во насока на подобрување на расположливоста на податоците и преглед на практиките на директно буџетско финансирање на ГО. Истата година, МЦМС ја поддржа подготовката на споредбена анализа на системите за државно финансирање на ГО од ЦНВОС, која опфати шест земји: Словенија, Унгарија, Србија, Хрватска, Естонија и Шкотска.*

*Намерата на МЦМС со оваа публикација е да придонесе кон подобро разбирање на постоечкиот модел за државно финансирање на граѓанските организации и да ги анализира различните правни основи и практични искуства во Македонија. Публикацијата е наменета за сите чинители вклучени во процесот на доделување средства на граѓанските организации од страна на државата. Согледаните недостатоци, како и одредени добри практики на органите на државна институција се надеваме дека ќе дадат солидна основа за подготвување на предлог-моделот за унапредување на распределбата на државните средства за граѓанските организации. Се надеваме дека оваа анализа ќе биде и поттик за остварување на заложбата на Владата и на државните институции за развој на граѓанското општество наведени во актуелната Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор.*

*МЦМС им благодари на сите граѓански организации и органи на државната управа кои придонесоа за подготовка на анализата.*

**Емина Нурединоска**
**Раководителка на Одделението за граѓанско општество и демократизација**

# СОДРЖИНА

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ........ 6

**ЛЕКСИКОН НА ТЕРМИНИ** ........ 7

**МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП** ........ 8

**1. ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА** ........ 10

**2. МОДЕЛ НА ДРЖАВНО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА** ........ 11

2.1. Општ преглед ........ 11

2.2. Начела на финансирање ........ 13

**3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РМ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО** ........ 14

3.1. Законска основа ........ 14

3.2. Начини на финансирање ........ 15

3.2.1. Отворен повик ........ 16

3.2.2. Отворен повик за специфична (тематски) категорија на организации ........ 17

3.2.3. Директно со правен акт ........ 17

3.3. Постапка на доделување и управување со средствата ........ 20

3.3.1. Програмирање ........ 20

3.3.2. Спроведување повик и прибирање апликации ........ 25

3.3.3. Оцена на пријави, одлучување и објавување резултати ........ 32

3.3.4. Склучување договори и исплата ........ 35

3.3.5. Известување, следење и оценка на ефектите ........ 37

**4. ЗАКЛУЧОЦИ** ........ 40

**БИБЛИОГРАФИЈА** ........ 43

**ПРИЛОГ 1. Листа на граѓански организации кои одговориле на прашалникот** ........ 47

**ПРИЛОГ 2. Структура на граѓанските организации кои одговориле на прашалникот** ........ 49

**ПРИЛОГ 3. Листа на институции и организации со кои се одржани интервјуа** ........ 50

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **ГС** | Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија |
| **ДЕУ** | Делегација на Европската Унија |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика на Република Македонија |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописите на Република Македонија |
| **ЕИДХР** | Европски инструмент за демократија и човекови права |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕЦНЛ** | Европски центар за непрофитно право |
| **ЗДД** | Закон за данокот на добика |
| **ЗЗФ** | Закон за здруженија и фондации |
| **ИПА** | Инструментот за претпристапна помош |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МК** | Министерство за култура |
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **МЦМС** | Македонски центар за меѓународна соработка |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ОВП** | Отворено владино партнерство |
| **ОДУ** | Орган на државна управа |
| **ОЈИ** | Организација од јавен интерес |
| **ОРД** | Охридски рамковен договор |
| **ПВР** | Процена на влијанието на регулативата |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СДЦ** | Швајцарската агенција за развој и соработка |
| **ССРД** | Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор |
| **ТАКСО** | Проект за техничка помош на граѓанските организации |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи на Република Македонија |
| **ЦРМ** | Централен регистар на Република Македонија |
| **ЦФСД** | Сектор за централно финансирање и склучување договори во Министерството за финансии |

## ЛЕКСИКОН НА ТЕРМИНИ

**Граѓанско општество е** дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси[1].

**Категории на граѓански организации опфатени со анализата според Цивикус Светската алијанса за граѓанско учество[2] прилагодени на македонскиот контекст:**

- Верски заедници
- Стопански комори и работодавачи
- Политички партии
- Меѓународни и странски организации
- Синдикати
- **Здруженија и фондации:**

| | |
|---|---|
| 6.1. Демократија, човекови права и владеење на правото | 6.11. Ненасилство и толеранција |
| 6.2. Деца, млади и студенти | 6.12. Образование и наука |
| 6.3. Економски развој | 6.13. Организации на потрошувачите |
| 6.4. Етнички заедници | 6.14. Развој на граѓанското општество |
| 6.5. Жени и родови прашања | 6.15. Рурален развој |
| 6.6. Животна средина и природа | 6.16. Социјална грижа (хуманитарни) |
| 6.7. Здравје и здравство | 6.17. Спорт, хоби и рекреација |
| 6.8. Информации | 6.18. Стари лица |
| 6.9. Култура | 6.19. Стрyкови здруженија |
| 6.10. Лица со посебни потреби | 6.20. Други |

**Транспарентноста е** релевантно, достапно, навремено и прецизно објавување информации за активности, правила, планови и процеси.

**Буџетска (фискална) транспарентност[3]** е отвореност кон пошироката јавност за структурата и функциите на владата, намерите на фискалната политика, сметките на државниот сектор и проекциите. Вклучува лесни за пристап и веродостојни, сеопфатни, навремени, разбирливи и меѓународно споредливи информации на активностите на владата со што јавноста може прецизно да ја оцени финансиската позиција на владата и вистинските трошоци и корист од владините активности, вклучително сегашните и идните социо-економски импликации.

**Отчетноста** подразбира дека сите засегнати страни во целокупниот систем на отчетност се повикани на одговорност и треба да се соочат со последиците во рамките внатре и надвор од владата. Различни елементи од системот на отчетност се меѓузависни.

**Буџет на Република Македонија** (уште наречен и буџетот на централната влада) е годишен план на приходи и ги вклучува централниот буџет и буџетите на фондовите.

**Буџетски корисници** се корисници од прва линија од областа на законодавната, на извршната и на судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење јавни овластувања.

1 CIVICUS (2011) Индекс на граѓанското општество за Македонија, Адреса: https://goo.gl/T1aAtt

2 Цивикус: Светската алијанса за граѓанско учество е меѓународна организација на членови и партнери која функционира како влијателна мрежа на организации на локално, национално, регионално и меѓународно ниво и го опфаќа спектарот на граѓанското општество. Повеќе на: https://goo.gl/P5WhrL;

3 Kopits and Craig (1998) Transparency in government operations; Достапно на:https://goo.gl/KGYZJD;

**Централен буџет** е годишен план на приходи, а се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

**Приходи** се прибрани средства од даноци и други задолжителни плаќања утврдени со закон,сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надоместоци за дадени добра или услуги, подароци, донации, субвенции и трансфери.

**Расходи** се сите плаќања (одливи) од буџетите за одобрени намени, освен отплатата на главнината на заемите со буџетот за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници.

З**авршната сметка** е акт со кој се претставуваат реализираните годишни приходи и расходи во текот на одредена фискална година.

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Анализата на постоечкиот модел на државно финансирање на граѓанските организации во Македонија го опфаќа периодот 2013-2016 година. Покрај сеопфатниот преглед на **правната рамка на моделот**, обезбеден е и преглед на нејзино спроведување во практика. **Практиката** е претставена преку анализа на искуствата на граѓанските организации, на дел од органите за државна управа и достапните материјали од канцеларискотo истражување. Оваа анализа ја опфаќа исклучиво директната финансиска поддршка на национално ниво и не ги опфаќа другите видови поддршка коишто се обезбедуваат од државата за граѓанските организации, како што се: средствата наменети за ГО на локално ниво, децентрализираните средства на ЕУ (управувани од пр. ЦФЦД), даночните олеснувања, поттикнувањето на филантропијата и волонтерството и сл.

Поради износот, односно висината на средствата и спецификите во постапката, распределбата на средства за граѓански организации од приходите на игрите на среќа и забавните игри кои исто така се распределуваат преку буџетската ставка 463, во анализата ќе бидат нагласени, т.е. разгледани одвоено. Анализата се заснова на информации добиени од примарни и секундарни извори на податоци, и тоа како што е наведено подолу.

**Примарни извори**

Веб-прашалник со граѓански организации. Проектниот тим на МЦМС подготви веб-прашалник во електронскиот систем за прашалници - www.limesurvey.org. Прашањата пред сè го мерат искуството на организациите, а има и прашања кои ја мерат перцепцијата. Веб-прашалникот беше директно испратен на електронски адреси на повеќе од 3.555 регистрирани ГО според регистарот на здруженија и фондации на ЦРМ до 2015 година на 28 септември 2016 г. Добиени беа одговори од 254 граѓански организации[4].

Квалитативни полуструктурирани интервјуа лице в лице со органи на државната управа и со граѓански организации. Проектниот тим на МЦМС подготви полуструткуриран прашалник за интервју со ОДУ, додека веб-прашалникот за ГО го прилагоди во прашалник за полустркуткурирано интервју со различни организациски облици клучни за анализата. Одржани беа вкупно девет интервјуа, од кои четири со претставници на органи на државната управа (Агенцијата за млади и спорт, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа и Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ) и пет со различни организациски облици (Црвениот крст, Националниот совет на инвалидските организации на Македонија, Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност, Републичкиот центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост - ПОРАКА и Сојузот на спортските федерации на Македонија)[5].

4 Повеќе во прилог 1
5 Повеќе во прилог 2

**Секундарни извори**

Канцелариско истражување на законодавството (законски и подзаконски акти), веб-страници на органите на државната управа, домашни извештаи и истражувања од граѓанските организации, меѓународни организации и органи на државната управа, меѓународни извештаи и истражувања кои се однесуваат на Македонија и интернет-портали и блогови.

Анализата е составена од четири дела. Во првиот дел опфатена е околината во која дејствуваат граѓанските организации, како и основните параметри за согледување на економската вредност на граѓанскиот сектор. Вториот дел дава општ преглед на постоечкиот модел на државно финансирање за граѓанските организации и начелата на кои се заснова. Во третиот дел даден е преглед на законската основа за финансирањето од буџетските средства, начините на финансирање по различни органи на државна управа, како и сите фази од постапката на доделување и управување со средствата (програмирање, спроведување повик и прибирање апликации, оценка, одлучување и објавување резултати, склучување договори, известување, следење и оценка на ефектите и учество на ГО во сите фази). Последниот дел обезбедува заклучоци врз основа на наодите од анализата, кои се основа за препораки за реформа на моделот на државно финансирање за граѓанските организации.

Добиени одговори преку пристап до информации од јавен карактер за периодот 2013-2015 г. за организациите, износот и проектите на кои се доделени средствата согласно ставката 463-Трансфери до НВО[6] од различни ОДУ.

**Методолошки ограничувања**

Одредувањето репрезентативен примерок на ГО во Македонија за потребите на веб-прашалникот е предизвик. Пристапот до регистарот на здруженија и фондации е ограничен бидејќи ЦРМ и понатаму ги наплаќа своите услуги, и уште повеќе, не дава прецизен преглед на активните и неактивните ГО. Имено листата не е во целост прочистена, а опфаќа и други организациски облици кои не се предмет на анализа.

- Дел од дадените примери во отворените прашања на веб-прашалникот не обезбедуваат информации за поткрепа на дадениот одговор на затвореното прашање;

- Има недостиг од јавно објавени документи и информации од страна на органите на државната управа (особено одлуки за доделени средства со податоци на кои граѓански организации, за кои цели и во колкав индивидуален износ), како и други податоци, како на пример програми, повици, финансиски извештаи итн.;

- Нивото на достапни информации во буџетот на РМ не овозможува утврдување на сите расходни ставки (покрај 463-Трансфери до невладини ГО) согласно кои различни ОДУ доделуваат средства за ГО, кои дополнително беа идентификувани преку канцелариската анализа и интервјуа;

- Политичката криза во 2016 година ја зголеми недостапноста на ОДУ за одржување интервјуа лице в лице, како и го одолжи организирањето на интервјуата. Така, беше ограничена можноста за прибирање информации за практиките на ОДУ во примената на постоечките законски и подзаконски акти во распределба на средствата.

6 Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; Скопје, МЦМС, Достапно на: https://goo.gl/Hs9XaY.;

# 1. ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Граѓанското општество во Македонија дејствува во релативно овозоможувачка околина. Законската рамка која го уредува функционирањето на граѓанските организации е солидна, со недоследности во нејзиното спроведување.

Основните слободи (здружување, собирање и изразување) се законски гарантирани и главно усогласени со меѓународните и со европските правила и стандарди. Сепак во периодот 2013-2016 г. нивното спроведување во практиката се влоши на што реферираат повеќе меѓународни извештаи, како Индексот за одржливост на граѓанските организации на УСАИД и извештаите на Фридом хаус. Индиректните притисоци, медиумската пропаганда и инспекциите врз граѓанските организации забележаа тренд на пораст, што влијаеше на практикување самоцензура и внимателност.

Рамката за финансиска одржливост не е прилагодена на спецификите на граѓанското општество, на тој начин отежнувајќи го работењето на граѓанските организации и ограничувајќи го нивниот потенцијал за развој. Основата дадена во Законот за здруженија и фондации за даночни олеснувања (Закон за персонален данок на доход, Закон за данок на добивка) за ГО сѐ уште не е функционална. Државното финансирање за ГО има потенцијал да биде значителен извор на одржливост за граѓанските организации, но отсуствуваат системски реформи. Транспарентноста и отчетноста на институциите по однос на доделените средства за ГО е на ниско ниво. Сѐ уште не е донесена законски обврзувачка одлука за уредување на постапката на доделување државни средства за ГО.

Односот меѓу владата и граѓанското општество останува неразвиен. Процесот на основање на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество остана отворен со потенцијал да биде решен во 2017 г. Клучно за граѓанскиот дијалог и за развојот на граѓанските организации е спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017. Сепак отсуствуваше политичка волја и интерес за спроведување на клучните мерки (меѓу кои и унапредување на државното финансирање за ГО). Одраз на односот и довербата меѓу владата и граѓанското општество е ниското ниво на вклученост на ГО и на јавноста во процесите на подготовка на закони и креирање политики.

Податоците на Централниот регистар на РМ упатуваат на зголемување на бројот на регистрирани ГО (здруженија и фондации). Регистарот броел 13.021 организации во 2013 година и бележи тренд на раст, со што има 14.774 во 2015 г., од кои 4.574 се пререгистрирани[1]. Најголем дел (65 %) од организациите низ годините поднесуваат само изјава што значи дека имаат буџет под 153.750 МКД (2.500 ЕУР). Концентрацијата на најголем дел од вкупниот износ на расположливи средства е кај мал број на ГО[2]. Граѓанските организации се нерамномерно застапени во регионите во земјата. Во најголема мера граѓанското општество е концентрирано во скопскиот регион кој е и најразвиен. Најзастапен организациски облик се други општествени организации, фондации и здруженија (56%) и третина спортски здруженија (26%). Вкупните приходи на граѓанските организации според ЦРМ за 2015 година биле 5.312.039.865 денари, што упатува на тренд на континуиран раст на приходите. Поголемиот дел од средствата (68 %) се од донации и грантови. Вкупните расходи за 2015 година биле 4.255.614.191 денари и како и приходите, бележат тренд на зголемување. Расходите за плати и трошоци поврзани со нив се скоро третина од вкупните расходи. Бројот на вработени во граѓанските организации (пријавени со полно работно време) според податоците на ЦРМ за 2015 г. е 1.990 и покажува континуиран тренд на зголемување во последните четири години.

1 Бројот на пререгистрирани организации е добиен од ЦРМ во 2013 година. Според можностите на ЦРМ, оваа бројка не е најпрецизна, бидејќи освен бројот на ГО кои се пререгистрирале од 2010-2013 г., опфатени се и други промени кај организации кои не се поврзани со пререгистрација (пр. промена на податоци во статут и сл.)

2 Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; достапно на: https://goo.gl/2h2Dd2;

# 2. МОДЕЛ НА ДРЖАВНО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

## 2.1. ОПШТ ПРЕГЛЕД

Односот меѓу Владата и граѓанското општество во Македонија е сè уште во развој, нивото на државно финансирање за граѓанските организации е ниско (помалку од 20% од вкупниот приход на секторот), со примери на распределба на средства врз основа на политички интереси. Овие карактеристики на постоечкиот модел на државно финансирање за граѓанските организации го поистоветуваат со медитеранскиот или источноевропскиот модел[3].

Секоја година од буџетот се издвојуваат средства за граѓанските организации главно преку буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, и тоа во просек по 270 милиони денари годишно (0,14% од вкупните расходи на буџетот на РМ) во периодот 2013-2016 г. Распределбата на буџетските средства[4] ја вршат Генералниот секретаријат на Владата на РМ преку Одделението за соработка со невладини организации (4%) и во просек 10 различни органи на државната управа за различни организациски облици (96%). Значаен дел од буџетските средства се обезбедуваат од специфициран извор на приходи, т.е. од игри на среќа и забавни игри (29%-39%). Најголем дел од буџетските средства се наменети за организациите кои дејствуваат во областите на социјална заштита и спорт. Доминантен начин на доделување средства е директно до корисниците врз основа на правен акт на Владата на РМ (48%), без објавување јавен повик. Потоа третина од средствата се доделуваат на отворен повик за специфична (тематска) категорија (33%) и само за 19% од средствата се објавуваат отворени повици.

Покрај ставката 463, ГО се поддржани и од други буџетски ставки (пр. 464-Разни трансфери), и тоа преку Министерството за локална самоуправа и Министерството за економија. Просечен годишен вкупен буџет што се доделува на ГО по сите основи опфатени во анализата на централно ниво изнесува 305 милиони денари.

Буџетската поддршка за ГО е главно едногодишна и проектна, отсуствува можноста за институционално јакнење на организациите, како и за кофинансирање на проектите на организациите финансирани од ЕУ и други странски донатори. Начелата на финансирање на кои се заснова поддршката во сегашниот модел за првпат се определени во 2007 г. во рамките на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации (во продолжение Кодекс). Во Кодексот е уредена и постапката за доделување на средствата, сепак различни органи на државната управа се водат и од други законски и подзаконски акти во спроведувањето на различните фази од постапката на доделување средства.

3 Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; достапно на: https://goo.gl/Hs9XaY.
4 Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; достапно на: https://goo.gl/Hs9XaY.

***Скица 1.*** *Постоечки модел на државно финансирање на ГО во Македонија*

**Принципи на финансирање предвидени во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации**

↓

**Органи на државната управа кои распредлуваат средства:**

- Одделението за соработка со НВО на ГС на Владата на РМ (4%)

- ОДУ (министерства, агенции) (96%)

**Извори на финансирање (главно преку ставката 463-Трансфери до НВО):**

- **Буџетски средства**
(61%-71%, вклучително и приходи од игри на среќа и забавни игри (29%-39%))

→ ↓

**Начин на распределба на средствата:**

- Отворен повик (19%)
- отворен повик за специфична (тематска) категорија (33%)
- Директно со законски акт (48%)

↕

**Постапката за доделување на средствата е уредена во:**

- Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации

- Други законски и подзаконски акти

(закони, правилници итн.).

**Должина:**

- Еднogодишни

**Области (подредени согласно висината на поддршка):**

1. Социјална заштита
2. Спорт
3. Животна средина
4. Промовирање меѓуетнички односи
5. Здравствена заштита
6. Култура
7. Одбрана
8. Заштита и спасување
9. Друго (Економски раст и вработување; Интеграција во ЕУ и НАТО; Борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на законите; Одржување добри меѓуетнички односи врз основа на принципите за взаемна толеранција и почитување и спроведување на Охридскиот рамковен договор; Инвестирање во образованието, науката и информатичката технологија за постигнување општество што се базира на знаење, заштита на потрошувачите и претприемништвото)

**Тип:**

- Проектна

- Институционална (само за Националниот сојуз на инвалидските организации)

## 2.2. НАЧЕЛА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Начелата на финансирање за граѓанските организации во Македонија од буџетот се определени во **Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондации**[5]. Член 1 од Кодексот определува дека финансиската поддршка од Владата на РМ и од органите на државната управа на здруженијата и фондациите се заснова на повеќе начела.

Органите на државната управа важно е да ги почиутуваат и начелата во **Законот за буџетите**[6] во член 3: сеопфатност, буџетска рамнотежа, специфичност, економичност (навремено, во соодветен износ, имајќи ги предвид квалитетот и цената), ефикасност, ефективност, транспарентност и ефективна и ефикасна внатрешна контрола.

Начелата на финансирање **се сеопфатно зададени во Кодексот**, сепак одредени важни начела отсуствуваат, како потребата за учество на граѓанските организации во сите фази на процесот на доделување средства, како и предвидување начини за соодветно учество, потоа јасно артикулирање на нивото на јавното финасирање во релевантните закони и регулативи, ефективност и ефикасност во користењето на средствата, информирање на јавноста преку објавување податоци за примателите на средства и применият износ, како и целта за кои се финансиски поддржани[7].

**<u>Начела на финансирање според Кодексот:</u>**
**- Стратешко финансирање** врз основа на претходно изготвени планови и програми;
**- Независност** на здруженијата и фондациите во спроведувањето на своите активности;
- Признавање на **разноликоста на дејностите** на здруженијата на граѓани и фондациите и потреба да се **овозможи финансирање од различни извори**;
**- Транспарентност и отвореност** на постапката за доделување средства, за изборот на членовите на телото кое ќе одлучува за распределбата, **јавно објавување** на резултатите и на проектите кои ќе се финансираат;
- Усвојување **објективни критериуми** за овозможување еднаков третман, недискриминација, стимулирање конкуренција и избор на најдобри проекти;
**- Правично и непристрасно** одлучување и оценување на извештаите од страна на одговорните лица засновано на објективна постапка и без личен интерес;
**- Одговорно распределување и користење** на средствата за целите за кои се наменети и доделени;
- Постапката и барањата што здруженијата на граѓани и фондациите треба да ги исполнат во процесот на поднесување пријава и известување **се сразмерни** со висината на расположливите средства и на видот на програмите што ќе се финансираат;
**- Оценка** на проектите заснована на индикатори кои ќе овозможат да се утврдат резултатите од проектите и исполнување на предвидените планови и стратегии.

5 Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/07)
6 Закон за буџетите (Службен весник на Р. Македонија бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12); 192/2015 и 167/2016).
7 European Center for Not-for-Profit Law (ECNL) (2011) Public funding for civil society organizations, Good practices in the European union and Western Balkans. Address: https://goo.gl/tcyEy3;

# 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РМ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО

## 3.1. ЗАКОНСКА ОСНОВА

Финансирањето на граѓанските организации од средствата од буџетот на РМ на централно ниво е уредено со бројни закони, а главно основ наоѓа во Законот за здруженија и фондации. Имено, Законот[8], во член 49 став 1, предвидува дека организациите можат да добиваат средства од буџетот на РМ. Подетално, поддршка за граѓанските организации од буџетските средствае предвидена во Законот за извршување на буџетот на Република Македонија[9].

Основа за распределба на средства преку буџетската ставка 463-Трансфери до НВО од значајниот специфичен извор на приходи од игри на среќа и забавни игри е Законот за игрите на среќа и за забавните игри[10]. Законот за прв пат е донесен во 1997 година[11] во време кога здруженијата и фондациите не беа во подем и сè уште не беа регулирани и најприсутни беа оние организациски облици кои се опфатени со сегашниот закон. По донесувањето на ЗЗФ[12] во 1998 г., се поголем број организации вршеле активности кои се од интерес на државата, за задоволување на потребите на граѓаните, без пристап до овие средства. Член 16, од Законот за игрите на среќа и за забавните игри предвидува дека средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се користат за финансирање, согласно став 1 преку Министерството за труд и социјална политика на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и за Црвениот крст на РМ, додека став 5 ги определува и спортските федерации и клубови преку Агенцијата за млади и спорт како корисници.

> Законот за извршување на буџетот на РМ предвидува средства за здруженија и фондации преку расходната буџетска ставка 463-Трансфери до невладини организации. Според, класификацијата на расходи, потставките на 463 се следните:
>
> 4631 Трансфери до невладини организации;
> - 110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации;
> - 120 Трансфери до спортски клубови;
> - 130 Трансфери до македонскиот олимписки комитет;
> - 140 Трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца;
> - 150 Трансфери до месни заедници;
> - 160 Трансфери до хуманитарни организации;
> - 170 Трансфери до политички партии;
> - 190 Други трансфери до невладини организации.
>
> Вкупниот износ на ставката 463 е јавно достапен, но не и индивидуалните износи на нејзините потставки. Насловот на ставката 463-Трансфери до **невладини организации** создава **конфузија** дека средствата се наменети и доделени исклучиво на невладини организации. Од друга страна, во законската терминологија не се спомнува терминот невладини организации, туку најчесто се користи организации или здруженија и фондации. Ако ги погледнеме насловите на потставките произлегува дека финансиската поддршка е наменета за поширокото граѓанско општество (покрај здруженија и фондации има и политички партии, месни заедници, спортски клубови итн.). Од друга страна, дел од наведените потставки се однесуваат на субјекти кои секако се регистрирани согласно ЗЗФ, како на пример хуманитарни организации, организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца, (аматерски) спортски клубови) и сл.

> Расходната буџетска ставка 463 **не е единствената** преку која се поддржани ГО, т.е. постојат и други преку кои тие може да добијат буџетски средства (пр. 464-Разни трансфери).

Владата преку стратешките документи за соработка со граѓанското општество (Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2007-2011 и 2012-2017) се обврза да ја разгледа можноста да го прошири кругот на организации кои добиваат средства од игри на среќа и од забавни игри и да ги дефинира активностите за кои на државата ѝ е потребна помош. Првиот чекор кон оваа мерка беше во 2007 г., кога Владата ја отвори можноста и други видови активности да бидат финансирани од игрите на среќа, со усвојување измена на Законот за игрите на среќа и забавните игри, според која 2% од посебните давачки предвидени во законот се издвојуваат во посебен фонд

8 Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/10 и 135/11);
9 Закон за извршување на буџетот на РМ за 2015 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 155/14).
10 Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016).
11 Предлог (иницијатива) измена на Законот за игрите на среќа и забавните игри;
12 Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/10 и 135/11);

за борба против семејно насилство[13]. Сепак освен ова, понатаму отсуствуваше значителен напредок. Други поврзани закони кои даваат основа за доделување финансиска поддршка од приходите на игрите на среќа и забавните игри се: Законот за инвалидските организации[14], Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[15], Законот за социјалната заштита[16] и Законот за Црвениот крст на Република Македонија[17].

За одредени организациски облици на здружување постојат и други дефинирани извори на буџетски приходи, и тоа во Законот за Црвен крст[18] и Законот за животна средина[19].

Законот за Црвениот крст на РМ предвидува за работата на Црвениот крст и средства од:
- Фондот за здравствено осигурување, реализирани шишиња на крв по утврдена цена од Фондот;
- 3% за влезницата за културно-забавни манифестации;
- 3% на секоја влезница за спортски натпревари; и
- 0,5% од регистрацијата на моторни возила и др.

Во Законот за животна средина определено е дека средствата за финансирање активности за поттикнување, зачувување, одржливо користење, заштита и унапредување на животната средина, како и за подготовка, спроведување и развој на програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина, се обезбедува од надоместокот што го плаќаат правните и физичките лица (извори кои вршат загадување на животната средина, кои се корисници на природните богатства, увезуваат употребувани производи во РМ, а и произведуваат или увезуваат производи и стоки кои се штетни или содржат штетни материи за животната средина и природата и др.).

Основа за финансиска поддршка на граѓанските организации од средствата на буџетот на РМ е дадена и во други закони, опфатени во продолжение и групирани по органи на државната управа, по азбучен редослед согласно начинот на дистрибуција на средствата.

## 3.2. НАЧИНИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Граѓанските организации се финансиски поддржани од средствата на буџетот на РМ на централно ниво преку различни органи на државна управа на три начини: отворен повик, отворен повик за специфична категорија (тематски) на организации и директно со правен акт. Најчесто практикуван начин за доделување финансиска поддршка на организациите е директно со правен акт (48%). Преку отворен повик за специфична (тематска) категорија се доделуваат само 19% од средствата до здруженија и фондации, т.е. само 0,02% од вкупните расходи на буџетот на РМ. Отворен повик за специфична (тематска) категорија спроведуваат МТСП и АМС, и тоа за третина од средствата (33%).

***Табела 1***. *Преглед на висината на средства од ОДУ од 463-Трансфери до НВО, по начин на распределба на средствата*

| Име на институција | Вкупно реализирани средства преку 463 2013-2016 (МКД) | % |
|---|---|---|
| **3. Директно со правен акт (48%)** | | |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 257.083.334 | **24%** |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 348.609.308 | **32%** |
| ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 8.897.744 | **1%** |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 15.999.600 | **1%** |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 24.986.200 | **2%** |
| ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА | 3.404.196 | **0,3%** |
| **2. Отворен повик за ограничен вид организации (33%)** | | |
| АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 203.770.770 | **19%** |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 70.859.365 | **6%** |

13 Предлог-измени на Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на Република Македонија број. 24/2011, 51/2011)
14 Закон за инвалидските организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 89/2008, 59/2012, 23/2013, 150/2015 и 27/2016).
15 Член 1 и 6 ст. 32, Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/14, 33/15 и 150/15);
16 Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 79/09; 36/11; 51/11; 166/12;15/13; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14, 44/14; 116/14; 180/40);
17 Член 26, Закон за Црвениот крст на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.41/1994; 7/1997 и 21/1998).
18 Закон за Црвениот крст на Република Македонија („Службен весник" бр. 41/91);
19 Закон за животната средина („Службен весник" бр. 53/05);

| **1. Отворен повик (19%)** | | |
|---|---|---|
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 47.700.000 | **4%** |
| СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР | 39.687.500 | **4%** |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 22.476.244 | **2%** |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 50.039.000 | **5%** |

### *3.2.1. Отворен повик*

Законската основа за распишување **отворени повици** за доделување буџетски средства наменети за здруженија и фондации е дадена во:

- Законот за извршување на буџетот на РМ[20][21][22] за Влада на Република Македонија, Генерален секретаријат и Секретаријат за спроведување на рамковниот договор;
- Законот за животна средина[23] за Министерството за животна средина и просторно планирање; и
- Законот за култура[24] за Министерството за култура.

***Табела 2.*** *Податоци по институција за периодот 2013-2016 г.*[25]

| Институција | Влада на РМ-ГС[26] | Секретаријат за спроведување на рамковниот договор | Министерство за култура | Министерство за животна средина и просторно планирање |
|---|---|---|---|---|
| Буџетска ставка | **463** | | | |
| Вкупен износ (МКД) | 48.000.000 | 40.000.000 | 22.476.244[27] | 33.179.000 |
| Просечен годишен износ (МКД) | 12.000.000 | 13.333.334 | | 11.059.667 |
| Процент на реализација | 100% | 100% | 98% | 42% |
| Програма (според буџет) | Програма на Владата на Република Македонија 2014-2018[28] | Стратешки план на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор[29] | Култура, развој на општините и културата, библиотекарство, музејска и кинотечна дејност и меѓународна соработка | Заштита на животната средина, за унапредување на животната средина и за мониторинг. |
| Број на ГО[30] | 95 | 37 | н/а[31] | 92 |
| Просечен број на ГО годишно | 40 | 27 | н/а | 58[32] |
| Индивидуален износ на грант (МКД) | 300.000 | Од 312.500 до 400.000 | н/а | Од 80.000 до 900.000 |

20 Закон за извршување на буџетот на РМ за 2014 („Службен весник на Република Македонија" бр.180/13).
21 Закон за извршување на буџетот на РМ за 2015 („Службен весник на Република Македонија" бр.155/14).
22 Закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2016 г („Службен весник 191/16").
23 Член 3 Закон за животната средина („Службен весник" бр. 53/05).
24 Член 12, Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).
25 За некои од 2013-2015.
26 Во рамките на Генералниот секретаријат, Одделението за соработка со невладините организации врши стручно-административна поддршка на работата на Комисијата за распределба на финансиски средства.
27 МК не е предвидено во 2016 г. да распределува преку ставката 463
28 Програма на Владата на Република Македонија 2014-2018: Програмата за повеќе приоритетни цели: Зголемување на економскиот раст и на вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот; Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и во НАТО; Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото; Инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење. Достапно на: https://goo.gl/nBgMFU.
29 Стратешки план на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор: градење доверба меѓу различните етнички заедници; промоција на соживот кај различните етнички заедници; унапредување на меѓуетничката соработка во областа на културата, спортот и образованието; унапредување на меѓуетничката толеранција; унапредување на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор; анализа и мониторинг на спроведувањетона Охридскиот рамковен договор. Достапно на: https://goo.gl/MTC5GD.
30 Се анализира само бројот на различни организации кои добиле средства од органите на државната управа за зададениот временски период (некои организации се корисници на средствата низ повеќе години)
31 Од јавни објавените одлуки за доделени средства, по називот на правните лица кои се на листата, бројни здруженија и фондации се наоѓаат на листата, меѓутоа поединечните износи кои ги примиле не се јавно достапен податок.
32 Постои исклучок во 2015 година кога средствата беа доделени само на една организација.

### 3.2.2. *Отворен повик за специфична (тематски) категорија на организации*

Законската основа за распишување **отворен повик за специфична (тематски) категорија на организации** за доделување буџетски средства наменети за здруженија и фондации е дадена во:

- Законот за спортот[33], Законот за игрите на среќа и за забавните игри[34] за Агенцијата за млади и спорт наменети за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови;
- Законот за социјална заштита[35] за Министерството за труд и социјална политика наменети за здруженијата кои работат на полето на социјална заштита дел од регистарот на МТСП; и
- Законот за заштита на потрошувачите[36] за Министерство за економија наменети за организации на потрошувачите.

***Табела 3.*** *Податоци по институција за периодот 2013-2016 г.*

| Институција | Агенција за млади и спорт | Министерство за економија | Министерство за труд и социјална политика |
|---|---|---|---|
| Буџетска ставка | **463** | **464** | **463** |
| Вкупен износ (МКД) | 203.680.770 | 5.250.000[37] | 73.635.444 |
| Просечен год. износ (МКД) | 50.920.193 | н/а | 18.408.861 |
| Процент на реализација | 98% | н/а | 97% |
| Програма и цели | Спорт; млади; меѓународни активности за спорт и млади | Програми за заштита на потрошувачите (2013-2014 и 2015-2016) Програма за конкурентност, иновации и претприемништво (2013-2016) | Социјална заштита[38] |
| Број на ГО[39] | н/а | н/а | 29[40] |
| Просечен број на ГО на годишно ниво | н/а[41] | н/а | 24 |
| Индивидуален износ на грант | Од 22.000 до 7.400.000 [42] | 150.000[43] | Од 8.642 до 13.729.228. |

### 3.2.3. *Директно со правен акт*

Законската основа за доделување буџетски средства наменети за здруженија и фондации **директно со правен акт** е дадена во:

- Законот за игрите на среќа и за забавните игри[44], Законот за инвалидските организации[45], Одлуката за распоредување на приходите од игрите на среќа и од забавните игри за Министерството за труд и социјална политика наменето за финансирање на националните

33 Закон за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016).
34 Предлог-измени на Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на Република Македонија број. 24/2011, 51/2011) У.бр. 53/2011 од 14.09.2011 година (Службен весник на РМ бр.132/2011), 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/14, 139/14, У.бр.8/2014-0-1 од 08.10.2014 година, 61/2015), 154/2015, 23/2016 и 178 од 26.09.2016 година
35 Член 152,Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016).
36 Член 128. Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2004, 77/2007, 103/2008, 24/2011, 164/2013, 97/2015 и 152/2015).
37 Програма на Министерството за економија на Република Македонија. Достапно на: https://goo.gl/PmLioG
38 Дејност на детски градинки и одморалишта, вонинституционална социјална заштита - меѓуопштински центри за социјална работа, институционална социјална заштита - установи за згрижување лица со пречки во психичкиот развој, детска заштита - установи за детска заштита, социјална заштита - центри за социјална работа и завод за социјални дејност, дневни центри и прифатилишта за вонинституционална социјална заштита, поддршка на спроведувањето на декадата и стратегијата за Ромите.
39 Се анализира само бројот на различни организации кои добиле средства од органите на државната управа за зададениот временски период (некои организации се корисници на средствата низ повеќе години).
40 Согласно анализата на корисниците на средствата кои ги достави Министерството за 2013-2015 година.
41 Спортски здруженија исклучиво опфатени во листата објавена на АМС http://ams.gov.mk/federacii.
42 Испратено барање за пристап до информации од јавен карактер за 2013 и 2014 доставени од АМС.
43 Во 2016 г. е дополнето ограничување за максимален индивидуален износ на кофинансирање од 150.000 МКД.
44 Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016);
45 Чл. 29 Закон за инвалидските организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 89/2008; 59/2012 и 23/2013).

инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и за Црвениот крст на Република Македонија;

- Законот за Црвен крст[46], за Министерството за здравство за Црвениот крст предвидени се основи за поддршка на Црвениот крст за организирање и унапредување на крводарителството;
- Законот за одбрана[47] за Министерството за одбрана наменети за Организацијата на резервните офицери на Армијата на РМ за остварувањето на обуката за одбрана и во подготовките за упатување на припадниците на резервните сили на Армијата во извршувањето на задачите во мировните операции;
- Законот за заштита и спасување[48] и Законот за пожарникарство[49] на Дирекцијата за заштита и спасување наменети за здруженија, хуманитарни и невладини организации, и доброволните противпожарни друштва и нивните здруженија кои имаат добиено согласност од Дирекцијата дека исполнуваат одредени критериуми за да учествуваат во заштита и спасување;
- Законот за пензиското и инвалидското осигурување[50] за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за стекнување право на семејна пензија од дете;
- Законот за политичките партии[51], Законот за финансирање на политичките партии[52], на Министерството за правда наменети за политичките партии;
- Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија[53] за Агенцијата за остварување на правата на заедниците наменети за здруженија и фондации, кои со целите и задачите во статутот имаат определена надлежност за вршење работи поврзани со остварување на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците; и
- Одлуката на Владата[54] на Министерството за локална самоуправа наменети за кофинансирање на прекуграничните проекти поддржани од Европската Унија помеѓу Македонија и Албанија, Грција, Бугарија и Косово.

46 Закон за Црвениот крст на Република Македонија („Службен весник" бр. 41/91).
47 Член 132, Закон за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01).
48 Член 49 Закон за спасување и заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04).
49 Член 51, Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр.64/04).
50 Член 61, Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016).
51 Закон за политичките партии („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13).
52 Закон за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" бр.76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13).
53 Член 18, Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2008 и 42/2014).
54 Интервју со претставник на Министерство за локална самоуправа за национална анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска (лице во лице). Скопје 23.12.2016.

***Табела 4.*** *Податоци по институција за периодот 2013-2016 г*

| Институција | Министерство за труд и социјална политика[55] | Министерство за здравство[56] | Министерство за одбрана | Дирекција за заштита и спасување | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | Министерство за правда | Министерство за локална самоуправа[57] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Буџетска ставка | 463 | | | | | | 464 |
| Вкупен износ | 257.083.334 | 24.986.200 | 15.999.600 | 7.381.426 | 4.186.629 | 346.011.139 | 146.411.851 |
| Просечен Годишен износ | 64.270.834 | 6.246.550 | 3.999.900 | 2.460.475 | 1.046.657 | 115.337.046 | 36.602.963 |
| Процент на реализација | | 93% | 100% | 55% | 46% | 94% | 99% |
| Програма и цели | Поттикнување на вработувањето; Развој на човечки ресурси | Организирање и унапредување на крводарителството и превенција од кардиоваскуларни болести. | Интеграција во НАТО | Заштита и спасување | Интернатско сместување деца со пречки во психофизичкиот развој[58] | Политички партии | Прекугранична соработка |
| Број на ГО [59] | 10 | 1[60] | 1[61] | н/а[62] | н/а | н/а | н/а |
| Просечен број на грантови годишно | 8 | 1 | 1 | н/а | н/а | н/а | н/а |
| Индивидуален износ на грант | Од 500.000 до 12.668.329 МКД[63] | 6.246.550 | 3.999.900 | н/а | н/а | н/а | н/а |

Студија на случај 1. Поддршка од државата за ромски организации
Клучен документ за анализа на поддршката од државата за ромските организации е Стратегија за Ромите во Република Македонија за периодот 2014-2020 на МТСП. Во Стратегијата МТСП определува цели за развој на ромски културни здруженија, обезбедување стабилни извори на финансирање на оперативните и програмските трошоци, просторни и материјално-технички ресурси и слично. Во практика, доделените средства за граѓанските организации што работат во насока на активности од националната стратегија и за потребите на граѓаните од ромската заедница се минимални. Во периодот на анализа 2013-2016 г. ромските организации можеле да пристапат до средствата кои ги распределуваат четири ОДУ, и тоа: МТСП , МЖСПП , Влада на РМ и ССРД . МТСП секоја година доделува средства на ромски организации преку програмата 43-Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за Ромите. Исто така, на веб-страницата на МТСП објавена е и листа и контакти на 17 ромски организации. Во периодот 2013-2015 г. МТСП поддржала вкупно 16 организации, од кои 13 организации се поддржани секоја година (само 3 добиле само во 2015 г.). Износите кои ги доделуваат се движат од 8.624 МКД до 208.975 МКД. Износите кои ги добивале организациите бележат тренд на раст, со позначителен пораст во 2015 г. кај сите индивидуални грантови доделени на организации или вкупно зголемување на износот над 700.000 МКД. Покрај организациите, на листата објавена на веб-страницата на МТСП како добитници се јавуваат и други ромски организации. Понатаму, според буџетот на РМ, и МК и МОН распоредуваат средства преку програмата 43-Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата за Ромите.
Со потпишувањето на декларацијата за Декадата на Ромите 2005-2015 година, МК секоја година почна да алоцира буџет во износ од 500.000 денари. Средствата се добра основа, но не се доволни за понатамошно развивање, промоција и негување на ромската култура. Во годишните програми за доделување грантови што МК ги објавува, при аплицирањето се натпреваруваат за средства заедно со големи културни институции (Народен театар, Опера и балет, театри), поради што голем дел од ромските организации се откажуваат од аплицирање. За МОН нема објавени податоци за поддршката и соработката со ромските организации во пракса. Според достапните податоци, ромските организации се корисници на средства од Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ и ССРД за проекти во различни области. Имено, Одделението во периодот 2013-2016 г. доделило средства на седум ромски ГО, од кои на една организација секоја година, на друга пак три години по ред и на третата доделени се средства во две години. Четири организации се добитници само еднаш. Сите грантови се до 300.000 МКД. Потоа ССРД доделила во периодот од 2013-2015 г. на пет ромски организации и тие само еднаш се јавуваат како добитници, а грантовите се движат од 312.500 до 434.782 МКД. Од податоците на МЖСПП, исто така во 2013 г. била поддржана една ромска организација на темата заштита на животната средина со 120.000 МКД.

Студија на случај 2. Поддршка за ГО во областа на добро владеење и антикорупција
Доброто владеење, борбата против корупција и организиран криминал се клучни приоритети на Владата на РМ. Следствено, овие приоритети се содржани во програмата на Владата на РМ за поддршка на здруженијата и фондациите.
Во отсуство на јавно објавени резултати за спроведените активности, според насловите на проектите во одлуките на Владата на РМ, неколку организации добитници на средства се идентификувани како активни на темата добро управување. Пет организации биле поддржани од ССРД (четири организации по приближно 400.000 МКД, од кои само едно здружение добивало секоја година, другите по еднаш) и од Владата на РМ, само една организација добила во 2014 и 2015 по 300.000 МКД. Проектите поддржани од ССРД главно се однесуваат на спроведување на ОРД, на мониторинг на употребата на јазиците каде што го зборуваат над 20% на граѓаните на РМ, на зајакнување капацитети на администрацијата итн. Додека Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ поддржувало само здружение кое се залага за владеење на правото на граѓаните прогонувани, затворани и осудувани за самобитноста на македонскиот народ од 1945 до 1990 год., кое во текот на 2015 и 2016 г. беше предмет на новинарски истраги поради донирањето на здружението на седум споменици, а тогашната Влада освен финансиска поддршка, му донирала на здружението и нефинансиска поддршка (автомобил, простории итн.). Попрецизно, за борба против корупцијата само две организации добиле средства во последните четири години (едната во 2015 и 2016 г., а другата само во 2016 г.) по 300.000 МКД. За првата организација која двапати добила, нема информации за нејзината дејност на интернет, меѓутоа има во базата на податоци на Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ, наведен како сектор на дејствување на оваа организација - развој на граѓанското општество. Додека пак втората организација е ромска организација која има наведено како прироретна област на дел=јствување - добро управување.

55 Министерството доделува средства на Националниот совет на инвалидските организации, на нивните здруженија и нивната асоцијација, на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност, предвидено со стандардни правила за изедначување на можностите за хендикепирани лица, на Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија - Мобилност Македонија, на Националниот сојуз на глувите и наглувите, на Националниот сојуз на слепите, на Националната федерација за спорт и рекреација на Параолимписките игри, на Републичкиот центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака", на Црвен крст на РМ и здруженија за борба против семејното насилство.
56 Според договорот со „Глобалниот фонд", финансирањето на овие активности, почнувајќи од 2017 година , треба да го преземе Владата на РМ.
57 ГО неопходно е да обезбедат финансирање за активностите бидејќи исплатата на кофинансирањето ја добиваат по завршување на проектот и одобрување на извештајот. Дополнително, исплатите доцнат како резултат на вклученоста на бројни одговорни лица кои одобруваат.
58 Субвенции за организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца.
59 Се анализира само бројот на различни организации кои добиле средства од органите нараджавната управа за зададениот временски период (некои организации се корисници насредствата низ повеќе години).
60 Закон за Црвениот крст на Република Македонија („Службен весник" бр. 41/91).
61 Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; Скопје, МЦМС, Достапно на: https://goo.gl/Hs9XaY.
62 Резултати за доделените средства на здруженија и фондации не се јавно достапни.
63 Од доставените податоци од МТСП за периодот 2013-2015 г.

## 3.3. ПОСТАПКА НА ДОДЕЛУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

### *3.3.1. Програмирање*

Стратешкиот пристап во доделувањето на буџетските средства до здруженијата и фондациите е обврска на органите на државната управа согласно бројни правни акти. Според Законот за буџет[64], органите на државната управа изготвуваат тригодишен стратешки план во кој се содржани квантифицирани програми за остварување на стратешките приоритети на Владата на РМ, како и нивните цели и приоритети. Во практика, стратешкото планирање и подготовката на буџетот се одвиваат како два засебни процеси[65].

Клучен закон, кој предвидува обврска за стратешки пристап кон доделувањето средства на граѓанските организации, е Законот за здруженија и фондации[66]. Имено согласно ЗЗФ, Владата и секое ОДУ кое распределува средства имаат обврска да донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата. Друг документ, кој предвидува потреба од програмирање, е Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации[67], а веднаш по него беше донесена и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од буџетот на РМ[68]. Согласно Кодексот, Владата и секој ОДУ кој распределува средства треба да подготви програма за финансирање на ГО, на годишно ниво со одредени елементи и да ја објави на сопствената веб-страница.

Стратешкиот пристап кон распределбата на приходите од игрите на среќа и забавните игри е поттикнато во Законот за игрите на среќа и забавните игри[69], каде е истакнато дека распределбата на средствата се врши по одлука на Владата на РМ врз основа на поднесени програми од МТСП и АМСП, кои пак се засноваат на поднесените проекти на корисниците, т.е. субјектите кои се предмет на поддршка.

Различни ОДУ подготвуваат бројни стратешки документи согласно областите за кои се надлежни, сепак сè уште отсуствува предвидувањето за конкретни финансиски проекции при реализација на мерки/активности кои треба да ги спроведуваат здруженија и фондации.

> Програмите кои ги изготвуваат МТСП и АМС содржат информации за законската основа, за целната група, т.е. корисниците, за буџетските ставки преку кои се врши трансферот, за вкупниот износ на средства и износот на средства по програма во случајот на АМС со кратко појаснување за што се наменети средствата, т.е. кај МТСП по корисник е опишана детална програма. Иако постои законска обврска за нивно објавување на веб-страниците на соодвените институции, сепак освен за програмата на МТСП за 2016 г., другите единствено се достапни преку услугите на Службен весник на РМ.

Во поглед на подготовката и јавното објавување на програмата, добар пример е Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ на својата веб-страница и на Службен весник, а и Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор програмата ја објавува единствено во Службен весник. Содржината на програмите е следната:

64 Член 15-а, Закон за буџетите на РМ („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 456/09, 95/10, 180/11, 171/12).
65 Симјановска, А. Анализа и процена на буџетскиот процес и реформите во буџетските политики од аспект на родовата рамноправност (2012). Достапна на: https://goo.gl/UhR8Ke.
66 Член 49, Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 59/10 и 135/11).
67 Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07).
68 Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средствата за здруженија и фондации од буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 23/09).
69 Член 16, став 3, 4, 7, од Закон за игрите на среќа и за забавните игри.

***Табела 5.*** *Содржина на програмите за финансирање на здруженија и фондации*

| **Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите**<br>**Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ** | **Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите со цел промовирање меѓуетнички односи и спроведување на Охридскиот рамковен договор ССРД[70]** |
|---|---|
| Двете програми содржат информација за:<br>- буџетската линија од која се финансираат активностите на здруженијата и фондациите;<br>- вкупен износ на средства достапни за ГО;<br>- и целите за кои преку грантови за програми (проекти) ќе се поддржат ГО (целите се различно поставени кај двете ОДУ и целите зацртани во секоја од институциите бележат незначителни промени во перидот 2013-2016 г.)[71] | |
| 1. Зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот;<br>2. Интеграција на РМ во ЕУ и НАТО;<br>3. Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото;<br>4. Инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење.<br>Во програмата целите се образложени низ конкретни резултати кои се очекуваат од организациите. | 1. Проекти наменети за градење доверба меѓу различните етнички заедници;<br>2. Проекти наменети за промоција на успешен соживот кај различните етнички заедници;<br>3. Проекти наменети за унапредување на меѓуетничката соработка во областа на културата, спортот и образованието;<br>4. Проекти наменети за унапредување на меѓуетничката толеранција;<br>5. Проекти наменети за унапредување на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор; и<br>6. Проекти наменети за анализа и мониторинг на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. |

Стратешки документи кои предвидуваат соработка со здруженија врз основа на финансиска поддршка се: Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита во РМ 2008-2018[72], Програмата за заштита на потрошувачите[73], Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и на средните претпријатија[74], Програмата за остварување социјална заштита[75], Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021[76], Програмата за развој на спортот во РМ 2013-2017[77], Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2015-2020[78], Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 г.[79] и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 г.[80]

Во практика, објавувањето на програмите како обврска не е почитувана од страна на органите на државната управа. Ова го доведува во прашање нивниот стратешки пристап и свесноста за потребата од подготовка и објавување програма, како и потребата од консултации со засегнатите страни при одредување на приоритетите за финансиска поддршка на ГО[81]. Имено, најголем дел од ГО (92%) кои одговориле на прашалникот за потребите на оваа анализа не се вклучени во процесот на изготвување стратешки документи/програми за државно финансирање на граѓанските организации. Само мал дел (8%) од организациите учествувале при изготвување стратешки документи за државно финансирање на ГО. Од овие организации (8%), најголемиот дел (9 ГО) одговориле дека имале консултации со Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ. Со оглед на тоа што Одделението не се консултира со организациите за приоритетите за финансирање[82],

70 Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите со цел промовирање меѓуетнички односи и спроведување на Охридскиот рамковен договор – ССРД („Службен весник на Република Македонија" бр. 202/14); Достапно на: https://goo.gl/P7jtwR.
71 Целите кај Програмата на ГС на Владата се менувале минимално од 2013 до 2016 г. од аспект на дополнување и изменување зборови кои веќе се содржани во програмата како теми, т.е. нема воведување содржински промени во периодот на следење.
72 Министерство за труд и социјална политика (2007) Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита во Република Македонија (2008-2018); Достапна на: https://goo.gl/x9Scvt.
73 Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2013-2014 („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04, 77/07, 103/08, 21/11).
74 Влада на Република Македонија (2016) Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/16); Достапно на: https://goo.gl/wjrn95.
75 Програма за остварување на социјалната заштита за 2013 („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/13).
76 Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 (2010); Достапно на: https://goo.gl/ppfMke.
77 Влада на Република Македонија (2013) Програма за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2013-2017; Достапно на: https://goo.gl/ssSNdq.
78 Министерство за локална самоуправа (2015) Програма за одржлив развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020; Достапно на: https://goo.gl/RxueGi.
79 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (2016) Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017; Достапно на: https://goo.gl/Zwdavp.
80 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (2016) Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017.
81 Огненовска С., Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија 2015 (2016) Адреса: https://goo.gl/62t5UY.
82 Интервју со Одделението за соработка со невладините организации во Генерален секретаријат за национална анализа на државно финансирање за граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска и Марија Саздевски (лице во лице). Скопје 28.12.2016 г.

искуството веројатно се однесува на учеството во подготовката на втората Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, или пак учеството со предлози за програмата на Владата. Понатаму, втор најчесто споменуван орган е МТСП (6 ГО), што се совпаѓа со состојбата во практика, имајќи предвид дека во подготовката на бројни стратешки документи во надлежност на МТСП се вклучени различни засегнати страни. Специфично е да се истакне долгогодишната соработка меѓу АМС и МТСП и организациите кои ги поддржуваат кога станува збор за средствата кои се доделуваат од приходите на игрите на среќа и забавните игри. Имено овие две ОДУ обезбедуваат финансиската поддршка на исти организации со години наназад и спроведуваат постапка во која организациите поднесуваат свои програми во линија на стратешки документи на ОДУ. Меѓутоа во случајот на АМС примателите на овие средства, во утврдувањето на приоритетите за финансирање, не учествуваат[83].

#### 3.3.1.1. Висина на износот на финансирање

Уделот на расходната ставката 463-Трансфери до НВО од вкупните расходи на буџетот на РМ за анализираниот период се движи од 0,15% до 0,13%. Реализацијата на буџетски средства преку ставката 463 како процент од вкупниот реализиран буџет забележува тренд на намалување (почнувајќи од 0,30% во 2004 г.[84]). Имено, трендот на раст на вкупните расходи во буџет на РМ не е проследен со правопропорционален раст на расходите на ставката 463.

***Табела 6.*** *Преглед на ставката 463-Трансфери до невладини организации 2013-2016, согласно завршните сметки на буџетот на РМ*

| Година | Бр. на ОДУ | Вкупно расходи[85] (МКД) | П463 (МКД) | Р463 (МКД) | Р463 (ЕУР) | П/Р | Удел во вкупниот буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2013** | 11 | 174.818.509.114 | 290.036.000 | 270.483.036 | 4.398.098 | 93% | 0,15% |
| **2014** | 11 | 178.149.224.689 | 258.863.000 | 241.741.138 | 3.930.750 | 93% | 0,15% |
| **2015** | 11 | 209.052.305.593 | 339.507.000 | 296.015.087 | 4.813.253 | 87% | 0,14% |
| **2016** | 10 | 206.193.096.931 | 285.757.000 | 261.158.675 | 4.246.483 | 82% | 0,13% |

Согласно Завршната сметка на буџетот на РМ за периодот 2013-2016 година, од ставката 463 – Трансфери до НВО биле реализирани вкупно 1.069.397.936 МКД (17.388.584 ЕУР). Органите на државнаsа управа и износите кои ги распределуваат бележат незначителни промени во перидот на анализата.

83 Интервју со претставник на Црвен крст на Република Македонија. Интервјуто е направено од Марија Саздевски и Симона Огненовска. Скопје 04.11.2017 г.; Интервју со претставник на Сојузот на спортските федерации на Македонија за националната анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направена од Симона Огненовска (лице во лице) Скопје 01.02.2017 г.

84 Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; достапно на: https://goo.gl/Hs9XaY.

85 Завршна сметка на буџетот на Република Македонија за 2014 („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/15).

***Табела 7****. Преглед на реализираните средства преку ставката 463-Трансфери до НВО (во илјади МКД)*

| Име на институцијата | 2013 | % | 2014 | % | 2015 | % | 2016 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 11.700 | 4,3 | 12.000 | 5 | 12.000 | 4,1 | 9.600 | 4,6 |
| СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР | 9.687 | 3,6 | 10.000 | 4,1 | 10.000 | 3,4 | 9.600 | 3,7 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 6.791 | 2,5 | 8.000 | 3,3 | 7.685 | 2,6 | / | / |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 14.106 | 5,2 | 8.632 | 3,6 | 7.300 | 2,5 | 3.140 | 1,2 |
| **АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ** | 61.157 | 22,6 | 59.300 | 24,5 | 44.292 | 15 | 38.932 | 14,9 |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** | 70.841 | 26,2 | 79.596 | 32,9 | 86.453 | 29,2 | 87.619 | 33,5 |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА** | 83.712 | 30,9 | 51.675 | 21,4 | 114.522 | 38,7 | 96.102 | 36,8 |
| ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 1.922 | 0,7 | 1.372 | 0,6 | 2.104 | 0,7 | 1.984 | 0,8 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 4.000 | 1,5 | 4.000 | 1,7 | 4.000 | 1,4 | 4.000 | 1,5 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 5.230 | 1,9 | 6.020 | 2,5 | 6.736 | 2,3 | 7.000 | 2,7 |
| ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ | 1.336 | 0,5 | 1.145 | 0,5 | 923 | 0,3 | 782 | 0,3 |
| **ВКУПНО** | **270.483** | | **241.741** | | **296.015** | | **285.274** | |

Во постоечкиот модел, три ОДУ кои во последните четири години доделуваат најголем дел од средствата од ставката 463-Трансфери до НВО, се **Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за млади и спорт**. Средствата што се распределуваат преку ставката 463 **се предвидливи** од година во година со оглед на незначителните промени низ годините (**висок степен на реализација**, во просек **84%** од планираните средства биле реализирани), како и отсуството на поголеми разлики во ОДУ кои распределуваат средства (само во 2016 г. МК не распределува средства).

Висината на средства кои им се на располагање на организациите од приходите на игрите на среќа и забавните игри е дефинирана во Законот за игрите на среќа и забавните игри[86], при што 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година е наменет за организации. Од 2001 г. наметнато е законско ограничување на средствата кои би ги распределиле МТСП, т.е. не помалку од 60 милиони денари и не повеќе од 120 милиони денари, додека преку АСМ износот не може да биде помал од 30 милиони денари и не поголем од 50 милиони денари[87]. Според достапните податоци од одлуките за доделување на средствата, секоја година од 2013 до 2016 г., МТСП доделува минимално над законскиот миниумум на средства (во просек 64 милиони денари), додека АМС и под минимумот (во просек 26 милиони денари годишно).

***Табела 8.*** *Приходи од игрите на среќа и забавните игри и процент кој се доделува на здруженија и фондации*

| Под ставка | Опис | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| 718113 | Надомест за лиценци од игри на среќа | 130.735.359 | 77.043.285 | 104.168.140 | 84.148.110 |
| 718114 | Месечен паушален надоместок од одделни игри на среќа | 937.360.647 | 586.943.807 | 221.141.471 | 175.693.832 |
| 724133 | Приходи од игри на среќа од неподигнати стокови и парични добивки[88] | 24.013 | 0 | 0 | 0 |
| 724135 | Посебни давачки за игри на среќа и забавни игри од 4% до 18% | 459.932.381 | 890.879.477 | 1.324.462.939 | 1.505.106.466 |
| **ВКУПНО:** | | **1.528.052.400** | **1.554.866.569** | **1.649.772.550** | **1.764.948.408** |
| **МТСП вкупно доделени средства** | | **60.000.000** | **65.250.000** | **66.000.000** | **66.000.000** |
| **Процент на МТСП од вкупни приходи од игрите на среќа** | | **4%** | **4%** | **4%** | **4%** |
| **АМС вкупно доделени средства** | | **34.276.000** | **28.276.000** | **23.500.000** | **17.700.000** |
| **Процент на АМС од вкупните приходи од игрите на среќа** | | **2%** | **2%** | **1%** | **1%** |

86 Член 16, став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016).

87 Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; достапно на: https://goo.gl/2h2Dd2.

88 Приходната шифра 724133 - Приходи од игрите на среќа од неподигнати стокови и парични добивки е затворена со Упатството за начинот на евидентирање, поврат и распоредување на јавните приходи (Службен весник на РМ бр. 186 17.12.2014).

Во периодот на анализата, процентот на доделени средства наспроти вкупно остварените приходи од игрите на среќа и забавните игри во буџетот е низок, особено ако се земе предвид дека законското решение е до 50%, а секоја година и покрај растот на вкупните приходи од игрите на среќа и забавните игри, средствата за организациите малку се зголемуваат, т.е. нивниот износ стагнира.

Приходите од игрите на среќа и забавните игри се распределуваат преку буџетската ставка 463-Трансфери до НВО и во периодот 2013-2016 г. и тие се специфичен извор на средства за 78% од буџетските средства кои се доделуваат до организациите преку МТСП и 51% од средствата кои се доделуваат преку АМС. **Ако ги иземеме средствата кои ги распределува Министерството за правда до политичките партии од ставката 463 (42%), средствата од игрите на среќа и забавните игри учествуваат со 74%** од приходите во ставката 463 без политички партии и се **клучен извор** на средства за организациите. Најголем дел од вкупниот износ е наменет за Националниот совет на инвалидските организации[89] (од 50 до 55 милиони денари) и Црвениот крст (6 милиони денари).

Висината на средствата која се доделува на граѓанските организации **не е соодветна** на потребите ако ја споредиме со годишните приходи на секторот (4 милиони евра наспроти скоро 80 милиони евра приходи на граѓански сектор) и споредбата со висината на средствата во регионот (87 милиони евра во Хрватска, 192,5 милиони евра во Словенија и над 4 милиони евра во Црна Гора)[90]. Висината на **индивидуално доделените** грантови за ГО е исто така **ниска** (третина од ГО добиваат под 5.000 евра).

### *3.3.1.2. Тип на поддршка*

Постоечкиот модел на државно финансирање на ГО обезбедува главно проектна поддршка, т.е. поддршка врзана со конкретна активност со можност за покривање одредени оперативни трошоци. Освен проектна, единствено Националниот совет на инвалидските организации на Македонија добива институтиоцнална поддршка преку МТСП.

Покрај отсуството на институционална поддршка, особено отежнувачка за граѓанските организации е неможноста да обезбедат средства за кофинансирање проекти од ЕУ или од други странски донатори (освен преку Министерството за локална самоуправа за прекугранични проекти на ЕУ).

Владата во втората Стратегија за соработка на владата со граѓанскиот сектор се заложи дека ќе подготви анализа и препораки до 2017 г. за можностите за обезбедување институционална поддршка за спроведување на активностите на организациите[91]. Предвидените активности сè уште не се спроведени.

### *3.3.1.3. Времетраење на поддршката*

Финансирањето на граѓанските организации од буџетот на РМ е **едногодишно**. Сепак, подолгорочна и извесна поддршка може да се смета дека имаат само 11 здруженија или сојузи кои со одлука од Владата добиваат средствата од приходи на игрите на среќа и забавните игри со предвидлив износ на средства, или пак спортските федерации регистрирани во АМС. Наодите од прашалникот спроведен за потребите на оваа анализа со ГО, како и реализираните интервјуа со сите органи на државната управа, потврдуваат дека периодот на реализација на

89 Националниот совет на инвалидските организации на Македонија е асоцијација на седум здружени национални инвалидски организации, и тоа: Националниот сојуз на слепите на РМ, Националниот сојуз на глувите и наглувите на Македонија, Националниот сојуз на телесно инвалидизираните лица на Македонија, Републичкиот центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака", Националниот сојуз на цивилните инвалиди од војната на Македонија, Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет и Националниот сојуз на инвалидите на трудот на РМ. Во нивните рамки дејствуваат доброволно здружени 136 инвалидски организации кои имаат евидентирано преку 90.000 членови.

90 Според податоците, висината на средствата во Македонија е значително пониска наспроти Босна и Херцеговина (51.100.000 ЕУР - 2012), Хрватска(197.000.000 ЕУР - 2014) и Србија (71.100.000 ЕУР - 2012 г.), додека е приближно ист износот со Црна Гора (4.600.000 ЕУР - 2013).

91 Резултат 2 од цел 3. Придонес кон развојот на граѓанските организации преку директна финансиска поддршка од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017; Достапна на: https://goo.gl/S8dtJh.

средствата бил од 6 до 12 месеци[92]. Едногодишната поддршка ја зголемува неизвесноста и несигурноста кај организациите кои сакаат да користат буџетски средства и влијае отежнувачки со оглед на ограничениот финансиски и човечки капацитет за поднесување апликации секоја година, наместо склучување повеќегодишни договори кои овозможуваат стабилност и фокус на напорите на организациско унапредување.

### *3.3.2. Спроведување повик и прибирање апликации*

Органите на државната управа кои спроведуваат јавен повик и прибираат апликации, тоа го прават согласно различни законски и подзаконски акти. Основа за сите органи на државната управа е Законот за здруженија и фондации, при што во членот 49, Владата на РМ поблиску ги уредува условите за распределба и користење на средствата.

Во ЗЗФ истакнато е дека распределбата се спроведува и согласно Кодексот на добри практики за финансирање здруженија и фондации од страна на државата. Првиот чекор кон преточување на Кодексот во обврзувачки акт беше направен во текот на ноември 2014 г.[93], кога Одделението започна консултации за предлог-одлуката за условите за распределба и користење на средствата од буџетот наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации. По првиот круг на коментари од страна на ГО, постапката за разгледување и усвојување на одлуката беше замрзната.

Понатаму, Одлуката за критериуми и постапка за распределба[94] содржи одредби кои ја уредуваат постапката за распределба на средствата кои се доделуваат преку Одделението. Одредби содржат и Законот за социјалната заштита[95] и Законот за култура[96]. Спроведувањето повик и прибирање апликации кај МТСП и АМС, пак, се врши согласно подзаконски документи, т.е. правилници кои ја утврдуваат целокупната постапка за распределба на средствата.[97]

Искуството на граѓанските организации во сите фази од процесот на државно финансирање е опфатено врз основа на резултатите од прашалникот спроведен за потребите на оваа анализа. Од вкупно 254 организации кои одговориле на прашалникот, над третина (37%) аплицирале за државни средства, од нив само 40% (37 организации) имале успешни апликации и добиле средства.

***Графикон 1.*** *ГО кои аплицирале за добивање на средства (грантови) од државата (кој било ОДУ) наменети за ГО?*




Граѓанските организации кои аплицирале во последните три години за добивање средства од државата примарно дејствуваат во полето на култура (24%), животна средина (10%) и образование, наука и истражувања (10%).

92 Прилог бр.2
93 Огненовска., С. (2016) Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија 2015. Адреса: https://goo.gl/62t5UY.
94 Одлука за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/09).
95 Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016).
96 Закон за култура (Службен весник на Р. Македонија бр. 59/03).
97 Агенција за млади и спорт (2005) Правилник за начинот на користење на средствата од даночното поттикнување („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/05).

На организациите, пак, кои добиле средства (37 од 254 организации кои одговориле на прашалникот) примарно поле на дејност им е култура (38%), развој на граѓанското општество (14%) и други разни области.[98]

***Табела 9.*** *Органи на државната управа на кои ГО аплицирале и добиле во последните години: 2013-2015 г.*

| | Влада на Република Македонија, Генерален секретаријат | Министерство за животна средина и просторно планирање | Министерство за труд и социјална политика | Секретаријат за спроведување на охридскиот рамковен договор | Министерство за култура | Агенција за млади и спорт | Министерство за образование и наука | Други институции | ВКУПНО- |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени апликации од ГО 2013-2015 | 57 | 5 | 5 | 12 | 32 | 5 | 3 | 9 | 128 |
| Број на добиени апликации од ГО во 2013 г. | 6 | 1 | 2 | 0 | 7 | / | / | 1 | 17 |
| Број на добиени апликации од ГО во 2014 г. | 8 | 0 | 2 | 0 | 7 | / | / | 2 | 19 |
| Број на добиени апликации од ГО во 2015 г. | 9 | 0 | 4 | 2 | 15 | / | / | 1 | 31 |

Организациите најчесто аплицирале за средства кај три органи на државната управа (Влада на Република Македонија, Генералниот секретаријат (57), Министерството за култура (32) и ССРД (12)). Девет организации аплицирале и во други инстуции, освен наведените, и тоа: Министерството за економија (3), јавни претпријатија и АД во сопственост на државата, Агенцијата за филм на РМ, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (2) и Агенцијата за вработување на РМ.

Три најчести причини зошто организациите (63% од вкупно 254) не аплицираат за државни средства се нетранспарантноста на процесот на оценка на апликациите (50%), отсуство на достапни информации за отворени повици (44%) и нејасни критериуми за избор на грантисти (31%).

***Графикон 2.*** *Причини зошто ГО не аплицираат на повици*




Други причини кои организациите ги наведуваат се партизираност на процесот на доделување средства и следење лични интереси (3), демотивираност за аплицирање заради отсуството на вклученост во донесување одлуки и креирање политики, отсуство на поддршка за новоформирани организации (2), отсуство на доверба (4) поради одбивање без образложение

98 Други области имаат под 10% и не се опфатени.

и аргументи и без евалуациски извештај на бодување, кратки рокови за аплицирање, немање повратен одговор на надлежните лица на прашања, отсуство на објавени информации при аплицирање, отсуство на грантови во областа во која дејствуваат (здравство, радиоаматерски здруженија).

Организациите кои не аплицирале на повиците одговориле дека примарно поле на дејствување им е образование (63%), наука и истражување (14%), добро владеење (демократија, владеење на правото, транспарентност (12%) и животна средина (10%). Отсуството на поддршка од страна на државата на темата образование е одразена и во примарнарното поле на дејност на ГО кои не аплицирале, а исто така и организациите кои работат на прашања кои бараат отчетност и одговорност од институциите не се обидуваат да аплицираат за средства. Во ист процент се застапени ГО кои работат во полето на животна средина кои аплицираат и оние кои не аплицираат за буџетски средства.

### 3.3.2.1. *Дизајнирање јавен повик (елементи)*[99]

Елементите кои треба да ги содржи јавниот повик се определени во Кодексот, како и во Законот за социјалната заштита и во Законот за култура, потоа во правилниците на МТСП и АМС (табела 8). Овие законски и подзаконски акти не се засноваат на добри практики во целост кога станува збор за клучни елементи на повикот за градење на довербата со корисниците на средствата, пред сѐ во насока на транспарентност и отчетност на доделување на средствата.

99 При анализа на искуството и перцепцијата на организациите по органи на државната управа во следниот дел од анализата кои опфаќаат последователни фази од постапката, земени се предвид само искуствата со оние ОДУ каде се поднесени над 10 апликации (во апсолутен број). Станува збор за три институции, и тоа: (1) Влада на Република Македонија, Генерален секретаријат (57 апликации, од тие добиени се само 23 апликации во последните три години), (2) Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор (12 апликаци, од тие добиени се 2 апликации во 2015 г.) и (3) Министерство за култура (32 апликации, од тие добиени се 29 апликации во последните три години).

***Табела 10.*** *Споредба на уреденоста на елементите на јавниот повик во законодавството, нивното практикување и перцепцијата на организациите*

| | Наоди од прашалникот на ГО | | | Уредено во правен акт (симбол) и практикувано во јавни огласи (боја) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Елементи на јавниот повик** | **Влада %** | **ССРД %** | **МК %** | **Влада**[100;101] | **ССРД**[102] | **МК**[103;104] | **МТСП**[105;106] | **АМС**[107] | **МЖСПП**[108] |
| Опис на програмата согласно која се доделуваат средства | 94 | 92 | 97 | ✓ | ✓ | X | ✓ | X | X |
| Јасно дефинирани цели кои треба да се постигнат | 70 | 92 | 80 | ✓ | ✓ | X | ✓ | ✓ | X |
| Критериуми за пријавување на повикот | 94 | 92 | 97 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | X |
| Посебни програмски критериуми што ги определил ОДУ поврзани со целите и проектите | 56 | 75 | 67 | ✓ | ✓ | X | X | X | X |
| Посебни критериуми за здруженија и фондации кои може да се јават на повикот | 78 | 92 | 67 | ✓ | ✓ | X | X | X | ✓ |
| Временска рамка за спроведување проекти кои ќе бидат доделени | 88 | 83 | 83 | ✓ | ✓ | X | ✓ | ✓ | X |
| Вкупно предвидени средства со повикот | 78 | 83 | 30 | ✓ | ✓ | X | ✓ | X | X |
| Висина на износот на поединечни грантови | 70 | 83 | 27 | ✓ | ✓ | X | ✓ | X | ✓ |
| Јасно дефинирана потребна документација за пријавување | 96 | 100 | 90 | ✓ | ✓ | X | ✓ | ✓ | X |
| Рок за поднесување на пријавите | 100 | 92 | 100 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | X |
| Методологија на оценување на проектите | 58 | 67 | 57 | ✓ | ✓ | X | ✓ | X | ✓ |
| Образец за пополнување апликација | 96 | 92 | 97 | ✓ | ✓ | X | ✓ | ✓ | X |
| Рок кога ќе се објават резултатите | 42 | 67 | 47 | ✓ | ✓ | X | ✓ | X | ✓ |
| Рок за поставување прашања за јавниот повик | 40 | 67 | 37 | ✓ | ✓ | X | X | X | ✓ |
| Адреса на која треба да се испратат документите | 100 | 100 | 97 | ✓ | ✓ | X | X | ✓ | X |
| Видот на одредените работи од социјална заштита за кои се доделуваат средствата | 100 | 100 | 97 | н/а | н/а | н/а | ✓ | н/а | ✓ |
| Процент на учество во финансирањето на проектите | 100 | 100 | 97 | н/а | н/а | ✓ | н/а | н/а | |
| Целна група (доколку е предвидена) | 100 | 100 | 97 | ✓ | ✓ | X | X | X | X |

**Легенда:**
**-✓: Има законски одредби**
**- X : Нема законски одредби**
**- Зелена боја: Нема законски одредби, но се практикува**
**- Светло зелена боја: Има законски одредби, но не се практикува**
**- Необоени: Има законски одредби и се практикуваат**
**- Сиво: Нема законски одредби и не се практикуваат**

Од законските и подзаконските акти кои ги уредуваат елементите на јавниот повик, најсеопфатен е Кодексот кој го следат главно Одделението и ССРД, па потоа правилникот на МТСП и АМС. МК се води од Законот за култура за клучните елементи кои треба да ги содржи повикот. Предводници во поглед на запазување на елементите кои треба да ги содржи повикот се ГС на Владата на РМ и ССРД, а со тоа се совпаѓаат и одговорите на организациите на прашалникот. Понатаму, МК заедно со МЖСПП предничат во примената на елементите кои не се експлицитно зададени во законите кои ја регулираат нивната работа и дистрибуција на средствата, а во случајот на МК, одговорите на организациите се совпаѓаат со податоците од канцелариската анализа на нивната практика. МТСП и АМС ги следат правилниците до одредена мера, особено АМС не ги применува во практика сите зададени потребни елементи во еден повик.

100 Член 4, Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07).
101 Одделение за соработка со невладините организации (2017) Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации). Адреса: https://goo.gl/FcDCqm.
102 Член 4, Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07).
103 Член 62 и 64 Закон за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).
104 Министерство за култура (2016) Оглас за финансирање проекти од културата за 2017 г. Достапно на: https://goo.gl/hpYtbp.
105 Агенција за млади и спорт (2005) Правилник за начинот на користење на средствата од даночното поттикнување („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/05).
106 Стратешки план на Министерството за труд и социјална политика 2017-2019г. Достапно на: https://goo.gl/ruqR1A.
107 Агенција за млади и спорт (2005) Правилник за начинот на користење на средствата од даночното поттикнување („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/05).
108 Министерство за животна средина и просторно планирање (2017) Конкурс за распределување средства за финансирање и реализирање програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2017 г. Адреса: https://goo.gl/aLFbqv.

### 3.3.2.2. Рокови поврзани со јавниот повик

Рокот за доставување апликации е определен единствено во Кодексот[109] и во Законот за култура[110] и во практика Одделението и Министерството за култура ги следат одредбите за обезбедување минимум 30 дена за доставување апликации. Другите органи на државната управа не се придржуваат кон одредбите во Кодексот, па така ССРД и МЖСПП обезбедуваат 15 дена, АМС дава 12 дена, додека МТСП и МЗ обезбедуваат 8 дена за доставување проектни предлози.

Рокот за одлучување по однос на апликациите, пак, во практика, го објавува само МТСП, т.е. дека вкупно 45 дена се потребни за донесување одлука, т.е. објавување на резултатите.

Понатаму, ниту еден орган во огласот не предвидува рок за поставување прашања поврзани со повикот. Сепак, ако имаме предвид дека апликациите кон МТСП и АМС им се познати на организациите кои секоја година аплицираат, тоа ги прави однапред подготвени за предизвикот од пократкиот временски рок за доставување пријави. Одделението, во практика, и покрај тоа што рокот за поставување прашања не го вклучува како елемент во јавниот повик, има воспоставено практика на одговарање на прашањата на различни начини.

### 3.3.2.3. Потребни докменти за пријавување на јавниот повик

Потребните документи за пријавување на јавниот повик се уредени во Кодексот, потоа во Одлуката на ССРД[111] и во други подзаконски акти како: правилниците на МТСП и АМС. Дополнително, основа за потребните документи при аплицирање обезбедува и Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ. Органите на државната управа обезбедуваат електронски обрасци за пријава и други документи кои се потребни за аплицирање на објавениот повик и тие се разликуваат зависно од областа за која се дава поддршката. Документите кои потребно е да се обезбедат заеднички за сите органи се пријавата, предлог-проектот и решенија за регистрација на организацијата во ЦРМ.

109 Член 4 Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07).

110 Закон за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).

111 Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор („Службен весник на Република Македонија" бр. 193/14).

***Табела 11***. *Потребни документи за аплицирање*

| | Правни акти | | | | Објавени повици | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Документи** | **Кодекс** | **Одлука**[112] | **Закон**[113] | **МТСП**[114;115] | **АМС**[116] | **Одд** | **ССРД** | **МК**[117] | **МЖСПП**[118] |
| Пријава | ✓ | ✓ | X | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Предлог-проект (вклучително и буџет) | ✓ | ✓ | X | ✓ | X | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Статут | ✓ | ✓ | ✓ | X | X | ✓ | ✓ | X | X |
| Решение за регистрација во ЦРМ | ✓ | ✓ | X | X | X | ✓ | ✓ | ✓ | X |
| Решение за регистрација во рег. на МТСП | X | X | X | ✓ | X | X | X | X | X |
| Извештај за добиени средства од буџетот на РМ во изминатата фискална година и начин на нивна реализација | ✓ | X | X | X | ✓ | ✓ | X | X | X |
| Годишен извештај за претходната година | ✓ | X | X | X | X | ✓ | X | X | X |
| Завршна сметка за претходната година | ✓ | X | X | X | X | ✓ | X | X | X |
| Уверение за платени даноци издадено од даночните органи | ✓ | X | X | X | X | ✓ | X | X | X |
| Акт за основање | X | X | ✓ | X | X | X | X | X | X |
| Програма за реализација на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците и акциски план | X | X | ✓ | X | X | X | X | X | X |
| Предлог-годишна програма за користење на средствата | X | X | X | X | ✓ | X | X | X | X |
| Комплетната техничка документација/или физибилити-студија за проектот зависно од фазата на проектот | X | X | X | X | X | X | X | X | ✓ |
| Доказ за активна наменска сметка од надлежна институција; Изјава дека сметката не е блокирана | X | X | X | X | ✓ | X | X | X | X |

### 3.3.2.4. Јасност на повиците

Согласно искуствата на најголем дел од граѓанските организации (над 80%) на повиците на кои учествувале во последните три години, потврдуваат дека Одделението, ССРД и МК спроведуваат јасни и разбирливи повици кои ги содржат сите потребни информации за подготовка на предлог-проект и за техничките барања и процедури за аплицирање. Приближно половина (47%) организации кои аплицирале во МК сметаат дека обемноста на повикот (барана документација, процедури) е соодветна на средствата кои се доделуваат, додека според ГО сразмерноста е одлика на повиците на Владата (60%) и на ССРД (75%). Во практика, МТСП и АМС спроведуваат повици кои се јасни и разбирливи со сите потребни инфромации за подготовка на предлог-проект и други технички барања и со потребна документација која е соодветна за доделените средства.

112 Член 5, Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

113 Член 19, Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2008 и 42/2014).

114 Член 3, Правилник за начинот и постапката за доделување средства на здруженија на граѓани за вршење одредени работи од областа на социјалната заштита („Сл. весник на РМ" бр. 24/2005).

115 Зависно од тоа за која целна група и област е објавен повикот на МТСП, треба да се додадат и имиња на ангажирани лица и други детали определени во повикот, во објавениот конкурс итн.

116 Правилник за начинот и постапката за доделување средства на здруженија на граѓани за вршење одредени работи од областа на социјалната заштита („Сл. весник на РМ" бр. 24/2005).

117 Според огласот на МК, зависно од областа за која се пријавува ГО, покрај пријавата, потребно е да се приложи друга документација (рецензија, биографија, изјави, документи за ангажирани лица, р листа на препораки итн.).

118 Министерство за животна средина и просторно планирање (2017) Конкурс за распределување средства за финансирање и реализирање програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2017 г. Адреса: https://goo.gl/aLFbqv.

***Табела 12.*** *Карактеристики на повиците*

| Повиците на кои учествувале ГО во последните три години беа: | Влада (%) | ССРД (%) | МК (%) |
|---|---|---|---|
| Јасни и разбирливи | 84 | 100 | 88 |
| Ги содржеа сите потребни информации за подготовка на предлог-проект | 83 | 100 | 88 |
| Ги содржеа сите потребни информации за техничките барања и процедури за аплицирање | 83 | 92 | 88 |
| Обемноста на повикот (барана документација, процедури) се соодветни за средствата кои би биле доделени | 60 | 75 | 47 |

Според резултатите од прашалникот, спроведен за потребите на оваа анализа, организациите не се соочуваат со позначајни потешкотии при подготовка на апликациите (93 ГО кои аплицирале од вкупно 254 кои одговориле на анкетата). За третина од ГО кои аплицирале, постапката во институциите не е транспарантна. Понатаму, за половина од ГО потешкотија претставува одбивањето без образложение, како и одбивањето без специфични објективни причини.

***Табела 13.*** *Потешкотии при аплицирање*

| Потешкотии при аплицирање | Влада (%) | ССРД (%) | МК (%) |
|---|---|---|---|
| Прекумерни административни барања | 19 | 25 | 19 |
| Сложени постапки за регистрација - лиценцирање | 5 | 8 | 6 |
| Одбивање без образложение | 60 | 50 | 50 |
| Одбивање без специфични објективни причини | 42 | 25 | 44 |
| Ограничена можност за јавен повик во областа на вашето работење | 18 | 25 | 16 |
| Постапката не беше транспарентна | 30 | 25 | 25 |
| Не, аплицирањето беше лесно | 25 | 42 | 25 |
| Друго | 4 | / | / |

### 3.3.2.5. Јавно објавување повик

Јавното објавување повик е регулирано во бројни законски и подзаконски акти. Клучни медиуми за објавување на повикот се дневните средства за јавно информирање (Законот за културата[119], Законот за животната средина[120], Кодексот[121], Правилникот на МТСП[122]) и на веб-страниците според Кодексот[123] и правилникот на АМС[124].

Во практика, според резултатите на прашалникот спроведен со ГО за потребите на анализата, тие пред сѐ ги следат објавите на интернет-страниците на органите на државната управа главно кај повикот на Одделението и на МК, додека половина ГО ги прегледуваат преку дневните средства за јавно информирање јавните повици кои ги објавува ССРД. Покрај овие медиуми, МЛС јавните повици бесплатно ги емитува на МТВ.[125]

119 Член 62 Закон за култура. Конкурсите се објавуваат најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
120 Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015 и 39/2016). Не ги прецизира средствата за објавување јавен конкурс, само потребата тоа да се направи.
121 Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/07).
122 Член 158, Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016) предвидено во два дневни весници кои се достапни на целата територија на РМ.
123 Член 4, Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07) определено е и дека се објавува 30 дена по донесување на буџетот на РМ.
124 Интервју со претставник на Агенцијата за млади и спорт за подготовка на националната анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска (лице во лице). Скопје 22.02.2017 г.
125 Интервју со претставник на Министерство за локална самоуправа за национална анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска (лице во лице). Скопје 23.12.2016 г.

***Табела 14.*** *Практика на објавување повици*

| Објавување повици | Влада (%) | ССРД (%) | МК (%) |
|---|---|---|---|
| Беа објавени на интернет-страницата на органот на државната управа | 81 | 92 | 88 |
| Беа објавени преку дневните средства за јавно информирање (весник итн.) | 17 | 50 | 28 |
| Немаше јавно објавен повик | 5 | 0 | 3 |
| Друго | 2 | 0 | 3 |

Анализата потврдува дека органите ги почитуваат одредбите за објавување на повиците на нивните веб-страници, т.е. Одделението, ССРД, МК и МЖСПП објавуваат повици со потребните обрасци за поднесување апликација, како и АМС и МТСП[126]. Граѓанските организации, и покрај објавувањето на јавни повици на дел од ОДУ, сепак сметаат дека се недоволно информирани за достапните извори на финансирање, што е особено проблематично за помалите ГО.[127]

## 3.3.3. Оцена на пријави, одлучување и објавување резултати

### 3.3.3.1. Стручни тела за доделување средства

Законска основа за воспоставувањето стручни тела (комисии, совет) при оценка и одлучување по однос на пристигнатите пријави постои во различни правни акти. Во продолжение, табелата 15 дава преглед на постоечките одредби во различни правни акти.

***Табела 15.*** *Преглед на одредби за воспоставување стручни тела за доделување средства*

| МТСП[129;130] | МК[131] | АМС[132] | АОПЗ[133] | Кодекс[134] |
|---|---|---|---|---|
| **Комисија за соработка со здруженија**<br>- вршираспишување и спроведување на јавниот конкурс<br>- ги разгледува пријавите по јавниот конкурс и во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите изготвува мислење до министерот, врз основа на начин и по постапка одредена од министерот<br>- министерот, на мислењето кое го изготвува Комисијата, се потпишува од сите членови на Комисијата (бодирањето се врши врз основа на критериуми) | **Комисија/надворешни соработници**<br>- доставуваат до министерот за култура извештај со предлози за проектите што треба да бидат избрани врз основа на извршената оценка и го назначуваат износот на потребните средства и проектите што треба да бидат одбиени со образложени причини за нивното одбивање<br>- министеот во рок од 45 дена од денот на донесувањето на буџетот на РМ, одлучува за избор на проекти од национален интерес во културата по годишните конкурси по дадените предлози<br>- решенијата содржат податоци за проектите што се избрани на конкурсот и податоци за проектите што се одбиени на конкурсот | **Стручно-советодавно тело: Совет за спорт**<br>- 7 членови на истакнати стручни, научни, како и други истакнати работници од областа на спортот, ги избира директорот<br>- 4 години мандат<br>- претседател на советот се бира за 4 години<br>- директорот може да разреши членови пред истекот на мандатот<br>- Советот донесува деловник за својата работа, согласно директорот<br>- улога на Советот: учествува во подготвувањето на програмата; дава мислење за критериумите за распределба на средствата, мерилата и другите акти што ги донесува директорот; дава мислење во однос на распределбата на средства; за доделување титула амбасадор на спортот на РМ, по претходно добиено мислење од Националната спортска федерација и др.<br>- поднесува извештај за својата работа до директорот најмалку еднаш годишно<br>- директорот, по претходно добиено мислење од Советот за спорт, утврдува распределба на средства од Програмата, најмалку двапати годишно | **Комисија (формира директорот)**<br>- 3 члена (два члена се од Агенцијата и еден член се определува од ОДУ, зависно од областа) со мандат од две години<br>- претседателот на Комисијата се избира од редот на членовите со мандат од една година | **Комисијата на Владата**<br>- членови на Владата, експерти<br>**Комисија на ОДУ**<br>- лица вработени во ОДУ, лица вработени во други ОДУ, експерти<br>- членовите имаат мандат од 2 години |

126 Конкурс за распределување средства за финансирање и реализирање програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2016 година; Достапна на: https://goo.gl/cDbWJ7.

127 Македонска канцеларија на ТАКСО - Техничка поддршка за граѓанските организации и МЦМС (2015) Извештај од консултации „Состојбите и предизвиците во однос на финансирањето на здруженија и фондации од буџетот на државата". Скопје, ТАКСО и МЦМС.

128 Опфатени се одредбите за стручните тела кои имаат различно ниво на одредби (пр. за едно тело е определна неговата структура, додека не е случај за други примери).

129 Член 159, Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016).

130 Во Националната стратегија до 2021, потребно е да се допрецизираат услови, критериуми за членство во Комисијата и утврдување мандат за членство, како и проширување со двајца нови членови (истакнати научни и стручни работници со најмалку петгодишно работно искуство во областа) и еден претставник од НВО со ротирачки едногодишен мандат.

131 Закон за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).

132 Агенција за млади и спорт (2005) Правилник за начинот на користење на средствата од даночното поттикнување („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/05).

133 Членови 20, 21 и 22 Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2008 и 42/2014).

134 Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/07).

Транспарентно и отчетно донесување одлука за распределба на јавни средства, врз основа на однапред зададени критериуми, е клучно, сепак само дел од органите доделуваат средства согласно законски и подзаконски акти за воспоставување стручно тело. Сепак, и постоечките акти не содржат прецизни одредби (мандат, задачи и одговорност, кој одлучува за доделувањето на средствата и определување состав на комисијата согласно најдобрите практики, спречување судир на интереси и сл.). Во практика, и покрај постоењето правни акти и комисии за оценка и одлучување, кога станува збор за средства од приходите од игрите на среќа и забавните игри кај дел од ОДУ (МТСП и АМС), секоја година се поддржани истите организации со приближно истите износи, што упатува на користење на овие одредби за задоволување на формата, а не и за ефективно насочување на средствата кон крајните корисници. Во практика, зададените одредби во Кодексот не се применуваат од страна на Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ бидејќи одлуките за доделување средства ги донесува петчлена комисија составена од министри на различни органи на државната управа, кои не нужно се и експерти во областа, ниту пак познавачи на работата и активностите на граѓанските организации.[135]

### *3.3.3.2. Судир на интереси*

Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите, предвидува дека судирот на интереси го определува секој ОДУ при начинот и постапката на бирање на членовите на комисијата која врши избор на проекти, нивните должности. Покрај Кодексот, единствено во Законот за култура има специфични одреби според кои носител на проект, т.е. автор на проект и учесник во реализацијата на проект не може да биде именуван за член на комисијата, односно за надворешен соработник, а претседателот и членовите на комисиите, односно надворешните соработници, доставуваат писмена изјава дека немаат судир на интереси во однос на пристигнатите пријави на годишните конкурси.

### *3.3.3.3. Критериуми и постапка за избор*

Критериуми за избор на граѓанските организации добитници на средствата од буџетот се зададени во повеќе правни акти. Во продолжение следуваат табелите 16 и 17 со преглед на одредбите кои ги содржат правните акти кои ги уредуваат критериумите (општи и посебни) и постапката за избор на проекти во органите на државната управа.

***Табела 16.*** *Критериуми за избор на проекти*

| Кодекс/одлука[136;137] | МЖСПП[138] | АМС |
|---|---|---|
| - регистрирани согласно ЗЗФ<br>- спроведуваат активности од минимум 1 година<br>- се занимаваат со проекти од јавен интерес<br>- не добиле средства или поднеле пријава од/до друг ОДУ или др. извори за иста намена | - дали програмите, проектите и активностите предизвикуваат забележителни и мерливи еколошки ефекти<br>- дали истите се усогласени со стратегиите, плановите и програмите на Република Македонија и на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина<br>- дали истите се во согласност со приоритетите и целите за заштита на животната средина или приоритетите за заштита на определен медиум или унапредување на состојбата во определена област на животната средина и<br>- дали истите се во согласност со обврските од меѓународните договори кои ги ратификувала Република Македонија | - досегашното учество и потенцијалот за учество во рамките на меѓународни спортски настани<br>- остварените спортски резултати на меѓународни натпревари<br>- бројот на активните спортски клубови<br>- бројот на активните спортисти<br>- популарност на спортот на меѓународно ниво<br>- разгранетоста на националниот систем на натпревари<br>- учество на меѓународни турнири во тековната година<br>- активностите во рамките на соодветните меѓународни спортски асоцијации<br>- традицијата на спортот во Република Македонија<br>- организација на настани од меѓународен карактер<br>- исполнителноста кон законските обврски и процедури кон органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот |

135 Интервју со Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат за национална анализа на државно финансирање за граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска и Марија Саздевски (лице во лице). Скопје 28.12.2016 г.

136 Членови 2, 3 и 4, Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средствата за здруженија и фондации од буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 23/09).

137 Член 3, Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

138 Во Законот за животната средина, во член 174, детално е опишана намената на средствата, додека во став 2 образложени се критериумите. Закон за животната средина („Службен весник" бр. 53/05).

***Табела 17.*** *Посебни критериуми со бодови*

| Кодекс[139]/одлука[140] | МТСП |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси (30 бодови максимум)**<br>1.1. Дали здружението и фондацијата имаат потребна организациска структура и човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица)? (10 поени)<br>1.2. Дали здружението и фондацијата располага со организациски простор и техничка опрема за спроведување на проектот? (10 поени)<br>1.3. Дали годишниот буџет на здружението и фондацијата за последната календарска година ја надминува висината на грантот? (10 поени)<br>**2. Мрежно работење и соработка (10 поени)**<br>2.1. Дали здружението и фондацијата во последните 3 години реализирале проекти во соработка со други граѓански организации или органи на државната управа?<br>**3. Квалитетот на проектот (60 поени)**<br>3.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на дадената приоритетна цел? (10 поени)<br>3.2. Дали целта на проектот е јасно определена? (10 поени)<br>3.3. Дали целната група е соодветно определена? (10 поени)<br>3.4. Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот? (10 поени)<br>3.5. Дали планот за спроведување е јасен и остварлив? (10 поени)<br>3.6. Дали предложениот финансиски план е реален (опсот на трошоци по категории и позиции соодвествува на пазарните цени?) (10 поени)<br>1, 5 или 10 бодови, со следното значење, 1-не, 5-делумно и 10-да. | - Соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс од 1 до 10 бода;<br>- Капацитетот на предлагачот, искуство во реализација на проекти од ист или сличен вид - соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализација на проектот по однос на образованието и работно искуство во областа на социјалната заштита, поставеност на систем на контрола на квалитетот и раководењето од 20 до 30 бода; и<br>- Поврзаност на целите на проектот со предложените активности и резултати и јасно утврдени активности и предлогот на мерки за одржливост на проектот од 45 до 60 бода. |

Податоци за анализа за постапката на одлучување по однос на доствените апликации единствено може да се добијат преку интервју со различните органи на државната управа. Во рамките на Одделението, прво се спроведува административна проверка на примените апликации и предлог-бодување (без мандат за квалитативна оценка на документите) кој се приложува до Комисијата сочинета од министри да послужи како водич при одлучувањето. Сепак, ваквото бодување од Одделението, Комисијата нема обврска да го земе предвид, т.е. министрите како членови на Комисијата сами носат одлука, што ја зголемува можноста за носење политичка одлука, и покрај поставените критериуми и бодови за оценка.[141] Во АМС стручната служба ги прибира сите апликации и подготвува збирен извештај и проверува дали се целосни апликациите или се потребни дополнителни документи да се достават од спортските федерации и понатаму, постапката се одвива согласно правилникот.[142]

### *3.3.3.4. Транспарентност на резултатите*

Транспарентноста на резултатите од спроведените повици за доделување средства од буџетот на РМ е законски предвидена во ЗЗФ[143] и во Кодексот[144], при што органите на државната управа на својата веб-страница треба да ги објавуваат организациите кои ги добиле средствата, како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства. Друг закон кој предвидува јавност на резултатите е Законот за култура[145], при што резултатите од конкурсите се објавуваат на веб-страницата на Министерството за култура. Сепак, овие одредби не се почитуваат во практика од сите органи кои доделуваат буџетски средства.

Во практика, резултатите од прашалникот покажуваат дека мнозинство од организациите (од 66 до 71%) кои аплицирале на јавен повик кај трите институции (Влада, ССРД и МК) биле директно писмено известени за резултатите, додека третина од организациите (26-34%) биле информирани преку јавно објавување одлука за кои се добитници. ССРД согласно сите одговори јавно објавил резултати во зададениот рок, вклучително со информациите во одлуките(име на ГО, износ, опис

139 Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор („Службен весник на Република Македонија" бр. 193/14).
140 Членови 3 и 4, Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор („Службен весник на Република Македонија" бр. 193/14).
141 Интервју со Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат за национална анализа на државно финансирање за граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска и Марија Саздевски (лице во лице). Скопје 28.12.2016 г.
142 Агенција за млади и спорт (2005) Правилник за начинот на користење на средствата од даночното поттикнување („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/05).
143 Член 49, Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/10 и 135/11).
144 Член 7, Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија", бр. 130/07).
145 Интервју со Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат за национална анализа на државно финансирање за граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска и Марија Саздевски (лице во лице). Скопје 28.12.2016 г.

на проекти). МК јавно објавуваат резултати за доделени средства (88%) во зададениот рок (79%), но само 21% сметаат дека одлуките содржат информации (име на ГО, износ и опис на проекти). Во поглед на искуството со Владата, половина (52%) од организациите одговориле дека Владата објавува резултати во зададениот рок, а во повисок процент (72%) дека одлуките се јавно достапни и содржат информации (71%). Покрај овие органи на државната управа, за резултатите од повикот дикретно известуваат и АМС, МТСП, МЛС и МЗ, и тоа електронски и писмено.[146 147 148]

***Табела 18.*** *Информирање за резултатите*

| Информирање за резултатите од јавен повик на кој аплициравте | Влада (%) | ССРД (%) | МК (%) |
|---|---|---|---|
| Органот на државната управа јавно објави одлука за добитниците на средства | 26 | 29 | 34 |
| Добивме директно писмено известување | 66 | 71 | 66 |
| Не добивме известување | 8 | 0 | 0 |
| **Известување во рамките на зададениот рок од јавниот повик** | 52 | 100 | 79 |
| **Јавно достапни одлуки за добитниците на јавен повик** | 72 | 100 | 88 |
| **Информации во одлуките (име на ГО, износ, опис на проектите)** | | | |
| Да | 20 | 50 | 21 |
| Делумно | 51 | 38 | / |

#### 3.3.3.5. Жалба

Можноста за жалба на граѓанските организации по однос на резултатите од спроведените повици за доделување средства е регулирана во Законот за култура (во рок од 15 дена) и во Законот за социјалната заштита (во рок од 8 дена) при што предвидено е жалбите да се упатат до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Освен овие два акти, тоа е случај и во Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија[149] (во рок од 15 дена). Во практика, според Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ, обжалувањето на одлуката не е можно бидејќи станува збор за носење правен акт на ниво на Владата, а тоа значи дека одлуките донесени од Владата единствено може да се обжалат пред Управниот суд. Поинакви се можностите и праксата во другите органи на државната управа во чии рамки се формираат комисии кои носат одредени одлуки, а истите може да се обжалат на повисока инстанца во рамките на соодветното министерство, а тоа е најчесто самиот министер.[150]

### 3.3.4. Склучување договори и исплата

#### 3.3.4.1. Содржина на договорот

Добитниците на средствата од буџетот на РМ, согласно бројни законски и подзаконски акти, како Законот за животна средина[151], Правилниците на АМС[152] и МТСП[153], како и Кодексот, со органите на државната управа треба да склучат договори за користење на средствата, а во некои одредби од овие правни акти, детализирани се и елементите кои треба да ги содржат договорите. Во практика,

146 Интервју со претставник на Сојузот на спортските федерации на Македонија за националната анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направена од Симона Огненовска (лице во лице) Скопје 01.02.2017 г.
147 Освен за средствата од приходите од игрите на среќа и забавните игри за кои има одлука, која може да се провери единствено во Службен весник на РМ .
148 Интервју со претставник на Министерството за здравство за националната анализа на системот на државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска (лице во лице). Скопје 17.03.2017 г.; Интервју со претставник на Министерството за локална самоуправа за национална анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска (лице во лице). Скопје 23.12.2016 г.
149 Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2008 и 42/2014).
150 Интервју со Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат за национална анализа на државно финансирање за граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска и Марија Саздевски (лице во лице). Скопје 28.12.2016 г.
151 Член 178 Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015 и 39/2016).
152 Агенција за млади и спорт, Правилник за начинот на користење на средствата од даночното поттикнување („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/05).
153 Правилник за начинот и постапката за доделување средства на здруженија на граѓани за вршење одредени работи од областа на социјалната заштита („Сл. весник на РМ" бр. 24/2005).

склучувањето договори со организациите е почитувано од страна на органите на државната управа. Во прилог е табелата 16 во која има преглед на елементите на договорот согласно различни правни акти.

***Табела 19.*** *Преглед на елементите на договорот*

| МТСП[154;155] | МК[156] | Кодекс[157] | АМС[158] |
|---|---|---|---|
| - се склучува во рок од 15 дена по конечност на решението<br>- краток опис на целта<br>- времетраење и датум на влегување во сила на договорот<br>- проект-обврски на договорните страни<br>- начин на редовни извештаи за реализација на проектот<br>- осигурување и одговорност за направена штета<br>- износ на средствата кои ќе се обезбедат од МТСП<br>- неповратни средства<br>- трошоци кои нема да бидат покриени<br>- начин на исплаќање на средствата<br>- ревизија и мониторинг<br>- раскинување и завршни одредби | - проектот за кој се доделуваат средствата<br>- висината на средствата<br>- начинот на користење на средствата<br>- динамиката и рокот за реализирање на проектот<br>- доставувањето на извештаите во врска со проектот<br>- контрола и надзор над наменското користење на средствата<br>- санкции за неисполнување на обврските од договорот и<br>- други прашања | - предмет на договорот<br>- висина на доделените средства<br>- распоред на финансирање<br>- временска рамка<br>- можност за промена на одредбите на договорот во случај на променети околности<br>- одговорност во случај на причинета штета<br>- совесно и одговорно да се користат доделените средства<br>- да се вратат неискористените средства<br>- начин на известување<br>- оценка и следење<br>- одредби за вршење контрола над спроведувањето на договорот и на трошењето на доделените средства<br>- одредби за супсидиерна примена на законите и другите прописи<br>- други елементи | - Договор меѓу корисникот и АМС во кој се утврдени права и обврски на потписниците, освен доколку во случајот кога во моментот на склучување на договорот корисникот има блокирана сметка.<br>- Доделените средства од една програма не може да се пренаменат во друга, или друга категорија, освен во итни и непредвидени ситуации по претходно добиена согласност од АМС кој ја цени оправданоста на пренамената. - Доделените средства за пренамена може да се направат единствено во иста категорија, исто така по одобрување.<br>- Користењето на средствата од ставот 1 на овој член нема да се доделат, односно ќе се одземат на националната спортска федерација, односно клубот доколку има: блокирани сметки, ненаменско користење на доделените средства утврдено од страна на ДЗР и ОДУ надлежен за работите од областа на спортот, недоставување финансиски извештај за реализираните средства од претходната година, ненавремено доставување на предлог-годишната програма за користење на средствата. |

### *3.3.4.2. Исплата на средствата*

Важен елемент од договорот кој го склучуваат организациите со ОДУ е начинот на исплата на средствата. Одредби за начинот на исплата согласно договорот се содржани единствено во Кодексот и правилникот на МТСП.[159] Во практика, според искуството на организациите кои одговориле на прашалникот за потребите на оваа анализа, од организациите добитници на средства чии искуства се опфатени за Генералниот секретаријат на Владата на РМ и во Министерството за култура, и двете институции склучуваат договори за доделување државни средства и во најголема мера навремено ги исплатуваат средствата. Владата на РМ според одговорите однапред префрлува средства, по склучувањето на договорот, а пред отпочнување на активностите што е потврдено и во разговорот со Одделението[160], додека во три случаи целиот износ е префрлен по реализација на активностите. Кај МК сите начини на исплата се практикуваат. Имено има еден случај на однапред префрлање средства, понатаму однапред се префрлени повеќе од половина планирани средства, а остатокот на повеќе рати (6 случаи), потоа се префрлени на повеќе рати (5 случаи) и износот е префрлен по реализација на средствата (4 случаи).

Според наодите од интервјуата, АМС префлаат средства на повеќе рати (2-3 рати) според расположливоста на буџетските средства, додека МТСП префрла средства на месечно ниво

154 Член 160 Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 79/09; 36/11; 51/11; 166/12;15/13; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14, 44/14; 116/14; 180/40).

155 Член 8, Правилник за начинот и постапката за доделување средства на здруженија на граѓани за вршење одредени работи од областа на социјалната заштита („Сл. весник на РМ" бр. 24/2005).

156 Член 67, Закон за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).

157 Член 8, Закон за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016).

158 Член 14, став 3, Правилник за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот (4 јануари 2017, бр. 01-29/1).

159 Член 8, Правилник за начинот и постапката за доделување средства на здруженија на граѓани за вршење одредени работи од областа на социјалната заштита („Сл. весник на РМ" бр. 24/2005).

160 Интервју со Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат за национална анализа на државно финансирање за граѓанските организации. Интервјуто е направено од Симона Огненовска и Марија Саздевски (лице во лице). Скопје 28.12.2016 г.

(т.е. на крајот на месецот) согласно роковите во договорот и доставениот наративен извештај за сработеното.[161] МЛС го исплатуваат кофинансирањето еден месец најдоцна по поднесениот извештај за реализација на проектните активностите. Сепак, се случуваат доцнења согласно различните предизвици (пр. бројните потписници се надвор од канцеларија). МЗ однапред префрлаат повеќе од половина од планираните средства од Глобалниот фонд на организациите, а остатокот на повеќе рати, т.е. на квартали или 3-6 месеци однапред.

### 3.3.5. *Известување, следење и оценка на ефектите*

#### 3.3.5.1. *Известување*

Законодавството во Македонија предвидува потреба од следење и известување за трошењето на јавните пари. Пред сѐ, Законот за буџет[162] предвидува дека секој расход и одлив од буџетот мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација. Основа за потребата од известување дава и Законот за здруженија и фондации[163], кој определува дека здружението и фондацијата доставуваат финансиски извештај до надлежниот ОДУ, во случаите кога користи средства од буџетот на РМ. Обврската за известување во рок од еден месец од завршувањето на проектот определена е во годишните одлуки на ГС на Владата на РМ[164] и ССРД[165] за распределба на средствата од буџетот на РМ, во Законот за животната средина[166], во Законот за култура, во Законот за инвалидските организации[167], во Законот за спортот[168], во Кодексот [169] и во Правилникот на АМС[170].

Во практика, во поглед на обврските за известување, од резултатите на прашалникот според искуствата на организациите кои добиле средства од Одделението и МК, во најголема мера имаат обврска за поднесување финансиски и наративен извештај за кој постојат однапред зададени обрасци. Главно известувањето според организациите е јасно и сразмерно за доделените средства. Обврската за известување преку доставување финансиски и наративни извештаи со придружни документи се почитува во практика и кога станува збор за средствата доделени од МТСП и од АМС. Во случајот со кофинансирањето кое го обезбедува МЛС, организациите треба да достават само одобрен извештај од ДЕУ и договор за да им бидат исплатени средствата.

---

161 Интервју со претставник на Црвениот крст на Република Македонија. Интервјуто е направено од Марија Саздевски и Симона Огненовска. Скопје 04.11.2017 г.; Интервју со претставник на Сојузот на спортските федерации на Македонија за националната анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направена од Симона Огненовска (лице во лице) Скопје 01.02.2017 г.

162 Член 37-в, став 3, Закон за буџетите на РМ („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 456/09, 95/10, 180/11, 171/12).

163 Членови 23 и 35 Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/10 и 135/11).

164 Се задолжуваат сите организации во рок од 30 дена и со јасно утврден рок до кога максимално може, по завршувањето на своите програмски активности, да достават извештај за своето работење до Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ.

165 Во случајот на одлуката на ССРД, дополнително предвидена е обврска за изветстување на квартално ниво.

166 Член 178, став 3 Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015 и 39/2016); корисникот е должен да поднесе извештај со ревизија за реализација на средствата определени со договорот, како и извештај за постигнатите еколошки ефекти со реализацијата.

167 Член 32, Закон за инвалидските организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 89/2008, 59/2012, 23/2013, 150/2015 и 27/2016) предвидува дека националните инвалидски организации доставуваат годишен извештај за работата со финансиски извештај до Националниот совет, а тој потоа извештајот го доставува до надлежното министерство и до донаторите на финансиските средства. Надзорот над законитоста на работењето го извршува МТСП, а надзорот на финасиското работење го вршат МФ и МТСП и Државниот ревизор за финансиско работење. Дополнително, Законот предвидува и индивидуални и организациски глоби ако инвалидската организација не составува финансиска документација и ако не достават годишна програма и финансиски извештај.

168 Во член 24, во Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016) определено е дека АМС врши контрола за наменското користење на средствата и може да сопре или да бара враќање доделени средства ако утврди дека истите се користат ненаменски. Средствата подлежат на ревизија од страна на Државниот завод за ревизија, најмалку еднаш во период од три години.

169 Член 9, Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/07).

170 Член 15, Правилник за постапката и критериуми за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот (4 јануари 2017, бр. 01-29/1) во кој се определува дека субјектите мора да достават извештај, и тоа 6-месечни и годишни наративни и финансиски, дека е обезбеден образец и достапен на интернет-страницата. Според правилникот , не е дозволена пренамена на средствата од една во друга програма, т.е. од една во друга категорија, освен во итни и непредвидени ситуации со претходно добиена согласност од АМС. Согласно правилникот на АМС, корисниците се должни за добиените средства да достават извештај до АМС, во пропишаниот образец објавен на интернет-страницата. Извештаите се доставуваат на шест месеци (до 30 јуни во тековната година) и годишни извештаи најдоцна до 15 јануари наредната година. Во правилникот се пропишани и елементите кои треба да ги содржи: 1. Наративен дел: реализирани активности, остварени спортски резултати и субјекти кои се опфатени со средствата; 2. Финансиски дел: детален приказ на потрошените средства (поткрепен со документација: фактури, платни листи, изводи од банка, фискални сметки, резервации од хотели, билети за транспорт итн.).

***Табела 20.*** *Обврски за известување*

| Обврска за известување | Влада | МК |
|---|---|---|
| Финансиски и наративен извештај согласно однапред зададени обрасци | 9 | 14 |
| Финансиски и наративен извештај без однапред зададени обрасци | 2 | 2 |
| Финансиски извештај согласно однапред зададени обрасци | 0 | 0 |
| Наративен извештај согласно однапред зададени обрасци | 1 | 1 |
| Финансиски извештај без однапред зададени обрасци | 2 | 0 |
| Наративен извештај без однапред зададени обрасци | 3 | 0 |
| Немало известување | 4 | 0 |
| Јасност на известувањето | 11 | 15 |
| Сразмерност на известувањето | 11 | 15 |

### 3.3.5.2. Следење

Следењето на реализацијата на доделената поддршка е предвидено во Кодексот[171]. Имено, Владата, односно органите на државната управа треба да го следат наменското трошење на доделените средства и навремено да преземаат соодветни мерки истите да се спроведат на начин на кој најдобро ќе се постигнат резултатите и целите предвидени во програмата и со јавниот повик. Понатаму, утврдено е дека ќе биде прекинато понатамошното доделување средства и ќе се бара поврат на доделените средства доколку биде утврдено дека истите се трошат ненаменски и спротивно на договорот. Закони кои предвидуваат одредби за следење на трошењето на средствата и реализација на проектите се Законот за социјална заштита[172] и Законот за државната ревизија[173].

Во практика, според одговорите на организациите на прашалникот за потребите на оваа анализа, Одделението оди во најавени посети за надгледување (најчесто кога се поканети на настани[174]), додека пак Министерството за култура во најголема мера не прави надзорни посети, освен во два случаи кога имало најавена и еден случај на ненајавена посета. Организациите преку одговорите на прашалникот потврдуваат дека во најголема мера овие органи се флексибилни доколку е потребна пренамена на средствата. АМС ретко прави посети и ревизија и тие се најавени, но не овозможува флексибилнонст во пренамената на средствата и средствата непотрошени неопходно е да се вратат во трезор пред да заврши тековната година. МТСП прави најавена и ненајавена посетата и има флексибилност во користењето на средствата и нема пракса на враќање на непотрошени средства.

***Табела 21.*** *Следење на организациите*

| Посети/следење | Влада | МК |
|---|---|---|
| Најавена посета | 5 | 2 |
| Ненајавена посета | 0 | 1 |
| Немало посета | 1 | 6 |

171 Член 12, Кодекс за добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/07).

172 Член 161 Закон за социјалната заштита. од надлежност на МТСП, пак, е предвидена постпка за вршење надзор. МТСП врши контрола над здружението во реализацијата на одредената работа од областа на социјалната заштита за која доделило средства. Ако утврди ненаменско трошење или определената работа од социјална заштита не ја врши согласно со јавниот конкурс или не започнало со реализацијата на одредената работа во предвидениот рок, МТСП го прекинува натамошното обезбедување средства на здружението, го раскинува договорот и покренува постапка за враќање на веќе доделените средства и надоместок на штета. МТСП има право и должност да забрани вршење дејност од областа на социјалната заштита на здруженија, ако при извршениот надзор утврди дека повеќе не се исполнети пропишаните услови за вршење на дејноста или дејноста се врши на штета на корисниците, а констатираните недостатоци здружението нема да ги отстрани во определениот рок. Врз основа на наод од извршениот надзор, заради констатирани недостатоци, министерот има право да ја одземе согласноста за давањето на услугите.

173 Член 22, Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11 и 188/13); државна ревизија се врши, меѓу другото, и на буџетските корисници кои користат средства кои претставуваат јавни расходи.

174 Интервју со претставник на Црвениот крст на Република Македонија. Интервјуто е направено од Марија Саздевски и Симона Огненовска. Скопје 04.11.2017 г.; Интервју со претставник на Сојузот на спортските федерации на Македонија за националната анализа за државно финансирање на граѓанските организации. Интервјуто е направена од Симона Огненовска (лице во лице) Скопје 01.02.2017 г.

### 3.3.5.3. *Оценка*

Оценувањето на ефектите од спроведените активности со доделените средства од буџетот на РМ на граѓанските организации единствено е предвидено со Кодексот[175].

Имено секој орган на државната управа треба да спроведува постапка за оценка на користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности врз основа на поднесените извештаи од здруженијата и фондации, како и да предложат препораки како основа за понатамошен развој и финансиска поддршка.

Согласно Кодексот, во практика Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ, на годишно ниво подготвува извештај со финансиски показатели и дава оценка што е реализирано на ниво на проект и збирно на седница на Владата, кои не се јавно достапни. Врз основа на излагањето, други министерства даваат коментари и препораки (особено МФ).

Дополнително, Одделението води база на податоци за здруженијата и фондациите на кои им биле доделени средства од буџетот на РМ и видовите проекти за кои добиле средства. И покрај следењето и известувањето за постигнувањата на организациите, не станува збор за подготовка на оценка од користењето на средствата, т.е. мерење на нивното влијание. Организациите со кои беа одржани интервјуа, истакнуваат дека не била спроведена оценка.

175 Член 13, Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/07).

# 4. ЗАКЛУЧОЦИ

Постоечкиот модел на државно финансирање за граѓанските организации сè уште не е систематски реформиран, и покрај долгогодишните заложби на владата за негово унапредување, почнувајќи од првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор од 2007 година. Следствено на тоа, државата не успева ефективно да го искористи потенцијалот и улогата на граѓанското општество коешто значително се трансформира и модернизира за одржување на демократските темели на Македонија, поттикнувајќи го граѓанскиот ангажман, како и градејќи ги сопствените капацитети за поддршка на најмаргинализираните лица преку различни услуги и хуманитарна работа. Неразвиената соработка и ниското ниво на доверба меѓу државата и граѓанскиот сектор, како и наследената поддршка за одредени организациски форми (инвалдиски организации, спортски здруженија итн.) во рамките на моделот, придонесуваат кон оваа состојба на занемарување на капацитетите и можностите и отсуство на разбирање и интерес за природата на дејствување на здруженијата и фондациите.

Финансирањето на граѓанските организации од средствата на **буџетот на РМ на централно ниво е законски уредено**. Основата лежи во Законот за здруженија и фондации и во Законот за игрите на среќа и забавните игри. Понатаму, други закони во кои е дадена можноста за финансиска поддршка на ГО се: Законот за извршување на буџетот на РМ, Законот за животна средина, Законот за култура, Законот за спорт, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за социјална заштита, Законот за инвалдиските организации, Законот за Црвен крст, Законот за јавно здравје, Законот за заштита и спасување, Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во РМ. Врз основа на овие закони, на годишно ниво во просек по **11 органи на државната управа** распределуваат средства од буџетот на РМ наменети за граѓански организации, пред сè од буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, и тоа: АМС, МТСП, Одделението, МЖСПП, МЗ, ССРД, МО, ФПИО, МК, ДЗС, МП, а дополнително доделуваат средства и преку други ставки МЕ и МЛС.

Граѓанските организации во Македонија се поддржани со буџетски средства, кои се дистрибуираат преку расходната ставката 463-Трансфери до невладини организации. Насловот на ставката создава конфузија дека сите средства се доделуваат на граѓанските организации. Класификацијата на расходи каде е содржано расчленувањето на 463, упатува на пошироко разбирање на невладините организации кое содржи потставки преку кои се поддржани политички партии, месни заедници и спортски федерации итн. Буџетската ставка 463, не е единствената преку која се поддржани граѓанските организации, на пр. преку ставката 464-Разни трансфери, одредени органи на државната управара спределуваат средства, но отсуството на јавно објавени податоци ја оневозможува анализата на трошењето на овие средства.

Висината на износот на буџетските средства од централно ниво не е соодветна на потребите на граѓанските организации. Просечниот удел на ставката 463-Трансфери до невладини организации, во последните четири години, преку која се доделуваат над 4 милиони евра годишно, изнесува 0,14% од вкупните расходи на буџетот на РМ и бележи тренд на намалување, т.е. растот на вкупните расходи не е проследен со правопропорционален раст на средствата наменети за организации. Најголем дел од ставката 463 се распределува преку Министерството за правда (21-39% од ставката) до политичките партии, Министерството за труд и социјална политика (26-32%) за здруженија кои работат во полето на социјална заштита и Агенцијата за млади и спорт (14-23%) за спортските здруженија. Само за 0,02% од вкупните расходи на буџетот на РМ се наменети за отворени повици до здруженија и фондации. Главен специфичен извор на буџетските средства наменети за организации, доколку ги иземеме средствата кои ги распределува Министерството за правда до политичките партии од ставката 463 (42%), се средствата од игрите на среќа и забавните игри кои учествуваат со 74% од приходите во ставката 463.

Буџетските средства од централно ниво, органите на државната управа ги доделуваат на три начини, и тоа преку отворен повик (Одделението, ССРД, МК и МЖСПП), отворен повик за специфична (тематска) категорија (МТСП, АМС и МЕ) и директно со правен акт (МЗ, МО, МЛС,

ДЗС, ФПИО, МП и МТСП). Доминантен начин за доделување финансиска поддршка е директно со законски акт (48%). Финансиската неизвесност кај организациите кои се корисници на буџетски средства е континуирана, бидејќи достапната поддршка е едногодишна, освен за 11 здруженија/сојузи и спортските здруженија кои со владина одлука добиват средства од приходи од игрите на среќа и забавните игри. Сепак, и тие аплицираат за средства на годишно ниво, и покрај долгогодишната соработка со АМС и МТСП. Покрај заложбите на Владата во втората Статегија за соработка со граѓанскиот сектор, за обезбедување институционална поддршка, сепак, сè уште не е воспоставена. Отсуството на кофинансирање за проекти од ЕУ и др. проекти (освен за прекуграничните проекти преку МЛС) оневозможува поголемо искористување на средствата од ЕУ достапни за Македонија, како и го отежнува работењето на организациите.

Во сегашниот модел на државно финансирање на граѓанските организации дистрибуцијата на буџетските средства од централно ниво може да се подели на пет фази и тоа: програмирање, спроведување повик и прибирање апликации; оценка на пријави, одлучување и објавување резултати; склучување договори и исплата и известување, следење и оцека на ефектите.

*Програмирање*

Клучен закон кој предвидува обврска за **програмирање** средства е ЗЗФ, а секако предвидени се и одредби за програмирање и во Кодексот. ОДУ подготвуваат бројни стратешки документи од својот делокруг на работа, но мал дел од нив опфаќаат поддршка за здруженијата и фондациите. Одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат на Владата на РМ и ССРД подготвуваат програми за финансиска поддршка на здруженија и фондации. Отсуствува вклученоста на граѓанските организации во клучната фаза на програмирање на средствата. Дополнително, во другите фази од процесот на доделување средства не е регистриран пример за вклученост (комисии за одлучување, процес на оцена/евалуација на програмите итн.).

*Спроведување повик и прибирање апликации*

Законот за здруженија и фондации обезбедува основа за тоа дека потребно е ОДУ кои ќе доделуваат државни средства поблиску да ги уредат условите за распределба и користење на средствата, а Кодексот нуди и подетално од кои чекори треба да се **состои спроведувањето повик и прибирањето апликации**. Сепак, и покрај ваквата одредба во ЗЗФ, само во Законот за социјална заштита и во Законот за култура може да најдеме одредби за тоа како треба да се **дизајнира повикот, т.е. кои елементи** да ги содржи, иако и тие не ги опфаќаат сите добри практики предвидени во Кодексот. Во практика, организациите кои се пријавиле на јавен повик потврдуваат дека во најголема мера Владата и ССРД ги следат елементите зададени од Кодексот и во примерот на МК оние елементи зададени во Законот за култура, ГО потврдуваат дека се запазени, меѓутоа МК и надвор од предвидените, опфаќа други елементи согласно Кодексот. Сепак, впечатокот на ГО е дека не се следи постапката дефинирана со Кодексот.

За оние институции кои објавуваат јавни повици, Кодексот предвидува дека добра практика е тоа да се направи на нивната веб-страница и во дневниот печат, и тоа 30 дена по донесувањето на буџетот на РМ. И други закони предвидуваат одредби (Законот за култура, Законот за животна средина), потоа подзаконски акти (правилникот на МТСП). Во практика најчесто практикуван метод е објавување на веб-страницата и во весници, а има случаи (МЛС) кога ја користат можноста за бесплатно емитување на МТВ. И покрај ова, ГО сметаат дека се недоволно информирани за достапните извори на финансирање, особено помалите ГО. **Рокот за доставување апликација** е определено дека треба да биде 30 дена од денот на објавуањето (Кодексот, Законот за култура). Сепак, во практика овој рок не е почитуван и е помалку од 30 дена, а во случајот на игрите на среќа и забавните игри, бидејќи истите организации ги добиваат од година во година, тие знаат кога да го очекуваат повикот и што е потребно, па не им претставува потешкотија пократкиот рок. Документацијата која треба да ја поднесат организациите при аплицирање е исто така уредена во Кодексот, како и во други законски обврзувачки (Одлуката, Законот за култура) и подзаконски акти (правилникот на АМС и на МТСП). Сепак, тие не ги предвидуваат истите добри практики како во Кодексот, но даваат одредена основа за потребните документи.

*Оценка на пријави, одлучување и објавување резултати*

Во фазата на оцена на пријави, одлучување и објавување резултати само дел од ОДУ следат јасна законска основа за потребата од воспоставување стручно тело (комисија, совет) за доделување средства (МТСП, МК и АМС). Сепак, и покрај постоењето одредби, ОДУ не предвидуваат сеопфатни одредби согласно меѓународните и европските стандарди. Само мал дел од ОДУ предвидуваат критериуми за избор на проекти за поддршка, додека и оние кои предвидуваат, не се сеопфатни. Транспарентноста на резултатите е определена како обврска во ЗЗФ. Сепак, во практика ОДУ најчесто директно ги известуваат добитниците, или пак објавуваат одлука (Одделението и ССРД). Можноста за жалба на ГО по однос на резултатите е предвидена единствено во Законот за култура и во Законот за социјалната заштита.

*Склучување договори и исплата*

Склучувањето договори за доделените средства има законска основа во неколку акти, како Законот за животна средина, Законот за социјална заштита, Законот за култура, а определено е и во Кодексот, како и во др. правилици. Дел од нив само определуваат обврска за склучување договор, а дел ги наведуваат прецизно и елементите кои треба да ги содржи. Оваа обврска е практикувана од страна на ОДУ. Клучен елемент на договорите е и исплатата на средствата, која е регулирана во Кодексот, сепак ОДУ следат различна динамика на трансфер на средствата (трансфер на повеќе рати, по реализација на средствата) и главно отсуствува можноста за претфинансирање.

*Известување, следење и оцека на ефектите*

Бројни закони и подзаконски акти (Законот за буџет на РМ, Законот за здруженија и фондации, Законот за животна средина, Законот за култура, Законот за инвалдиските организации, Законот за спорт и др.) даваат основа за начинот на известување за користењето на буџетските средства и следењето на нивната реализација (Законот за социјална заштита, Законот за култура, Законот за државна ревизија и Кодексот). Во поглед на обврските за известување, од резултатите на прашалникот според искуствата на ГО кои добиле средства од Одделението и МК, во најголема мера имаат обврска за поднесување финансиски и наративен извештај со однапред зададени обрасци. Во практика, ОДУ во најголем дел вршат најавени посети и се флексибилни во пренамената на средствата (освен за средствата на АМС за кои се потребни одобрувања, и тоа во исклучителни услови). Оценувањето на ефектите од доделените средства од буџетотот на РМ единствено е предвидено во Кодексот, сепак во практика оценка не се спроведува.

# БИБЛИОГРАФИЈА

Kopits and Craig (1998) Transparency in government operations; Достапно на:https://goo.gl/KGYZJD;

Technical assistance for civil society organizations (2016), Republic of Macedonia Needs Assessment Report; Адреса: https://goo.gl/yEC8q5;

Technical assistance for civil society organizations (2014), Republic of Macedonia Needs Assessment Report; Адреса: https://goo.gl/sL5xAY;

CIVICUS (2011) Индекс на граѓанското општество за Македонија, Адреса: https://goo.gl/T1aAtt;

Велат, Д. (2016) Извештај за економската вредност на непрофитниот сектор во земјите од Западен Балкан и од Турција [Интернет] Скопје, БЦСДН. Достапно на: http://goo.gl/u8LU0i;

Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија во ЕУ 2015 (2015) Достапно на: https://goo.gl/4QaEfV;

Македонска канцеларија на ТАКСО - Техничка поддршка за граѓанските организации и МЦМС (2015) Извештај од консултации „Состојбите и предизвиците во однос на финансирањето на здруженија и фондации од буџетот на државата". Скопје, ТАКСО и МЦМС;

Миов, Н. (2015) Прирачник

м-р Цековски, И. Туберкулозата и ранливите групи во Македонија, Студија за состојбата на знаења, на ставови и на практики поврзани со туберкулозата и ефектите од мерките за едукација на населението со најголем ризик (2016) Достапно на: https://goo.gl/UsJhkR;

Нурединоска Е., Огненовска С., (2013) Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор во Македонија. Достапна на: https://goo.gl/6Y3pUQ;

Огненовска С. (2016) Директно буџетско финансирање за граѓанските организации: основен преглед; достапно на: https://goo.gl/2h2Dd2;

Огненовска С., (2016) Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија 2015; Адреса: https://goo.gl/62t5UY;

Огненовска С., Трајковска С., (2016) Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија (2016). Адреса: https://goo.gl/gD92XR;

Огненовска, С., (2015) Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество 2014; Достапна на: https://goo.gl/d5CXuK;

Симјановска, А. Анализа и процена на буџетскиот процес и реформите во буџетските политики од аспект на родовата рамноправност (2012). Достапна на: https://goo.gl/UhR8Ke;

УСАИД (2016) Индекс на одржливост на граѓанските организации (нацрт-извештај); Достапен на: https://goo.gl/Ddmtfz;

Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија (2014) Стојановски, В., Чаловска, Н., Мурати, А., Скенедри, С., Јашаревски, А., Голубовска, Ј., Анализа помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите - декада на Ромите 2005-2015. Достапна на: https://goo.gl/4gj75H;

Хелсиншки комитет за човековите права на Република Македонија (2014) Стојановски, В., Чаловска, Н., Мурати, А., Скенедри, С., Јашаревски, А., Голубовска, Ј., Анализа помеѓу имплементација и реалност на националната стратегија за инклузија на Ромите - декада на Ромите 2005-2015. Достапна на: https://goo.gl/4gj75H;

Закон за буџетите („Службен весник на Р. Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12);

Закон за буџетите на РМ („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08,

456/09, 95/10, 180/11, 171/12);

Закон за животната средина („Службен весник“ бр. 53/05);

Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2004, 77/2007, 103/2008, 24/2011, 164/2013, 97/2015 и 152/2015);

Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/10 и 135/11);

Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016);

Закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2016 г. („Службен весник 191/16“);

Закон за извршување на буџетот на РМ за 2015 г. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 155/14);

Закон за извршување на буџетот на РМ за 2014 г. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/13);

Закон за инвалидските организации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2008, 59/2012, 23/2013, 150/2015 и 27/2016);

Закон за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/2010, 136/2011, 144/2014, 149/2015 и 37/2016);

Закон за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 и 39/2016);

Закон за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01);

Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011);

Закон за инвалидските организации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2008; 59/2012 и 23/2013);

Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/04);

Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/14, 33/15 и 150/15);

Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/14, 33/15 и 150/15);

Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11 и 188/13);

Закон за сметководство за непрофитни организации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2003, 17/2011 и 154/2015);

Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09; 36/11; 51/11; 166/12;15/13; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14, 44/14; 116/14; 180/40);

Закон за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13);

Закон за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13);

Закон за спасување и заштита („Службен весник на Републикка Македонија“ бр. 36/04);

Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016);

Закон за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008,

18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016);

Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2008 и 42/2014);

Закон за Црвениот крст на Република Македонија („Службен весник“ бр. 41/91);

Завршна сметка на буџетот на Република Македонија за 2013 г. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/14);

Завршна сметка на буџетот на Република Македонија за 2014 г. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/15);

Завршна сметка на буџетот на Република Македонија за 2015 г. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 128/16);

Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/07);

Правилник за начинот и постапката за доделување средства на здруженија на граѓани за вршење одредени работи од областа на социјалната заштита („Сл. весник на РМ“ бр. 24/2005);

Правилник за класификација на расходите („Службен весник на Република Македонија“, бр. 64/05, 4/08, 103/08);

Правилник за постапката и критериумите за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот (4 јануари 2017, бр. 01-29/1);

Агенција за млади и спорт (2005) Правилник за начинот на користење на средствата од даночното поттикнување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 08/05);

Влада на Република Македонија (2013) Програма за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2013-2017; Достапно на: https://goo.gl/ssSNdq;

Влада на Република Македонија (2014) Програма на Владата на Република Македонија 2014-2018; Достапно на: https://goo.gl/nBgMFU;

Влада на Република Македонија (2016) Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/16); Достапно на: https://goo.gl/wjrn95;

Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија (2011) Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017; Достапна на: https://goo.gl/S8dtJh;

Министерство за здравство (2012) Нацрт-стратешки план 2012-2014; Достапно на: https://goo.gl/GIXG5v;

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (2016) Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017; Достапно на: https://goo.gl/piwBAa;

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (2016) Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017; Достапно на: https://goo.gl/Zwdavp;

Министерство за локална самоуправа (2015) Програма за одржлив развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020; Достапно на: https://goo.gl/RxueGi;

Министерство за труд и социјална политика (2014) Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020. Достапна на: https://goo.gl/mtRRC7;

Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 (2010); Достапно на:https://goo.gl/ppfMke;

Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2013-2014 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04, 77/07, 103/08, 21/11);

Програма за остварување на социјалната заштита за 2013 („Службен весник на Република

Македонија“ бр. 4/13);

Програма за ПГС ИПА Република Бугарија - Република Македонија 2014-2020 (2014) Достапно на: https://goo.gl/csFAe3;

Секретаријат за спроведување на ОРД (2014) Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите со цел промовирање меѓуетнички односи и спроведување на Охридскиот рамковен договор – ССРД („Службен весник на Република Македонија“ бр. 202/14); Достапно на: https://goo.gl/P7jtwR;

Одлука за критериумите и процедурите за распределба на средствата за здруженија и фондации од буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 23/09);

Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/14);

Министерство за труд и социјална политика (2016) Листа и контакти на ромски невладини организации; Достапна на: https://goo.gl/RETSK6;

Конкурс за распределување средства за финансирање и реализирање програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2016 година; Достапен на: https://goo.gl/cDbWJ7;

## ПРИЛОГ 1. ЛИСТА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ОДГОВОРИЛЕ НА ПРАШАЛНИКОТ

Регионален центар за одржлив развој
АЦИ Македонија - Здружение на финансиски пазар
Асоцијација за демократски развој на Ромите СОНЦЕ
Асоцијација за соработка и зајакнување на младите СЕГА
ЦЕФЕ Македонија
Центар за женски права Етика- Гостивар
Ден на дрвото - засади ја својата иднина
Детска амбасада Меѓаши
Фондација Климент Колески
Фондација Ѕвезда Деница
Форум на младите Битола
Граѓанска асоцијација Битола
Хек Визион
Хуманитарно здружение Унитети Гостивар
Интернет хотјлан провајдер Македонија
Ивоте фондација
КФ Лирија
Клуб за математика, физика и информатика
Културно здружение Визиони М Скопје
Кхд. Селамет Врапчиште
Македонска асоцијацtија за историја на медицината (МАИМ)
Марвел Адеел
Меѓународно полициско здружение ИПА Македонија
МКА 2000
Мото клуб Вепар
Мултиетничко здружение Флоренс Најтингејл
Нов мост
НВО Екопродукт
НВО КХАМ Делчево
Организација на жените Китка Прилеп
Организација за заштита и одгледување птици „Славеј" - Скопје
Отворени забавни фудбалски школи и поддршка за Скопје
Пениа мадриста Македонија
Планет М
Полско здружение во Македонија „Клуб Полонија"
Ромска асоцијација за жени и млади - Лулуди
Ромско хуманитарно здружение на жените КХАМ Куманово
Трансформ
Викимедија Македонија
Здружение Хотла, с. Отља, Липково
Здружение Кинолошко друштво „Конзули" Битола
Здружение Мацеф
Здружение на еколозите Натура
Здружение на родителите на деца со ендокринолошки заболувања РАСТ
Здружение Пеонија Кратово
Здружение за развој на МЗ село Белица, Другово, Кичево
Здружение на граѓаните земјоделци Силвана
Здружение на металурзите на Македонија
Здружение на жените Сирма, ЗРР Лаг Пелагонија
Авангарда ГВ
АДКОМ - Здружение на давателите на комунални услуги на РМ
АКИ Македонија
Алијанса на професионалните таттоо и пирсинг артисти
Алпинистички клуб Плоча - Радовиш
Архангел Михаил
Асоцијација за здравствена едукација, превенција и подобар третман
Асоцијација за иновациите и развој „ГЛАС" - Кочани
Асоцијација за напредок,едукација и лобирање НЕЛ - Штип
Асоцијација на економски истражувачи СТОУК Скопје
Асоцијација на професионалците консултанти „Подготвеност за Европа 2020"
Гаус Институт - Фондација за нови технологии, иновации и трансфер на знаење
Гео - СЕЕ Институт Скопје
Гешталт Центар Младен Костиќ Аспекти, Скопје
ГЗ Асоцијација за интернационална мобилизација
Граѓанско здружение Еко герила
Движење на екологистите на Македонија - ДЕМ
Доброволно противпожарно друштво Демир Хисар
Драмски аматерски фестивал на Македонија - Кочани
Европски Центар СН7
ЕД Патот до Саргасово Море
Еко логик
Еколошко друштво „Здравец 2002"
З.У. Македонски центар на Ити/Продукција
ЗГ за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК. - Скопје
ЗГ Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата
ЗГ Ренесанса
Здржение за регионална соработка „22 Нентори"
Здружение ..Струма", Струмица
Здружение „Илирија"
Здружение „Надеж - Норе" Македонска Каменица
Здружение Агро Тутун 2014 Кривогаштани
Здружение Граѓански центар за одржлив развој ЕГРИ
Здружение Диверзити медија Скопје
Здружение Доверба - Куманово
Здружение Еколошко друштво Планетум
Здружение Женски форум Тетово
Здружение за екологија Универзал
Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците" - Скопје
Здружение за бизниси и консултанти КРЕАЦИЈА Скопје
Здружение за воздухопловни спортови Аеро Клуб Охрид 1980 Охрид
Здружение за грижи и воспитување на децата - Куманово
Здружение за давање услуги за лицата со попреченост Хендимак -Тетово
Здружение за дебатирање „Дебата МК" Скопје
Здружение за Демократија, Дебата, Дијалог, Децентрализација - План 4Д, Скопје
Здружение за доброволна волонтерска работа „Кумановски акцијаши" Куманово
Здружение за еднакви можности Семпер
Здружение за заштита и одгледување расни гулаби Дунек - Питу Гули-Инџико
Здружение за заштита и развој на руралните простори Извор - Кичево
Здружение за заштита на животните Анима мунди, Скопје
Здружение за заштита на правата на детето
Здружение за земјоделците Агро Фаланга, Велес
Здружение за јога Садана Скопје
Здружение за креативна граѓанска иницијатива Градска Креативна Мрежа Скопје
Здружение за култура и едукација Сонцето е Ѕвезда Скопје
Здружение за култура и развој на креативни индустрии Култ-Транзен
Здружение за култура, образование, уметност, спорт и издавачка дејност ИНТ
Здружение за млади, култура и уметност Паша
Здружение за напредно современо образование Волвокс Битола
Здружение за наука и развој Максима
Здружение за перспективна интеграција и развој „Рома перспектив" - Прилеп
Здружение за планинско трчање, експедиции, алпинизам и адреналински активности
Здружение за поддршка на развојот на граѓанското општество и локалните...
Здружение за поддршка на семејства, поединци и групи Среќен Живот - Тетово
Здружение за правата на Ромите - Штип
Здружение за промоција на документаристика Македокс
Здружение за развој и унапредување на мотоциклизмот Веспа Клуб Скопје - Скопје
Здружение за развој на граѓанското образование и цивилното општество Ганимед
Здружение за развој на младите Фактор - Кичево
Здружение за развој на туризмот „Туристичка иднина"
Здружение за рамноправен развој Решенија за Развој
Здружение за рурален развој „Локална акциска група АБЕР 2015" с. Старо Нагорича
Здружение за рурален развој на село Туденце, Општина Јегуновце
Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лицата...
Здружение за социјални иновации и одржлив развој Радар
Здружение за уметност, култура и заштита на културното наследство Етно ризни
Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинство
Здружение за унапредување на руралните подрачја Опстанок на Порече, Скопје
Здружение - Извиднички одред Феникс Прилеп
Здружение - Институт за социолошки истражувања и одржлив развој Исиор Струга
Здружение „Јустиција" Куманово
Здружение - Клуб „Дого Аргентино" Гевгелија

Здружение – Културно-уметничко друштво Кирил И Методиј – Иловица, с.Иловица
Здружение - Локална агенција за развој, Струга
Здружение„Млади европски федералисти" - Македонија
Здружение на албанската жена - Кичево
Здружение на глувите и наглувите - Кичево ЗГН - Кичево
Здружение на граѓаните - Граѓанска иницијатива на жените ГИЖ Свети Николе
Здружение на граѓаните - Хуманитарна организација „Мерхамет`` Берово
Здружение на граѓаните„Патокази" - Гевгелија
Здружение на граѓаните 6. Ѕвезда Скопје
Здружение на граѓаните Божја Милост Битола
Здружение на граѓаните Ековита
Здружение на граѓаните за демократија„Тогетхер Мацедониа"
Здружение на граѓаните за еднаква застапеност на лицата со посебни потреби
Здружение на граѓаните за изучување странски јазици Лингва-алма Виница
Здружение на граѓаните за мотивација и развој на комуникации „Дијалог" Скопје
Здружение на граѓаните за општествено-хуманистички истражувања - Феникс Хума
Здружение на граѓаните за помош на бездомниците, социјално загрозените семејств
Здружение на граѓаните за развој на демократијата - Иницијатива за Европска П
Здружение на граѓаните за хуманитарност, солидарност и меѓуетнички развој А
Здружение на граѓаните„Зона" Кавадарци
Здружение на граѓаните Институт„Четири Р"
Здружение на граѓаните Културен центар Ел-калем
Здружение на граѓаните Младински совет„Нова генерација"
Здружение на граѓаните„Подобра иднина"
Здружение на граѓаните Радиоаматерски клуб„Стево Патакот" - Битола
Здружение на граѓаните„Транспарентност" Македонија
Здружение на граѓаните„Цивил" - Центар за слобода
Здружение на даночните советници на Република Македонија
Здружение на жените„Спектар" - Кратово
Здружение на жените Турчинки Ишик
Здружение на земјоделските производители„Агропродукт" Штип
Здружение на класичните филолози Антика
Здружение на креативните индивидуалци Нов Блесок Битола
Здружение на лицата со телесен инвалидитет од Охрид и од Дебарца Мобилност Охрид
Здружение на медицинските сетри, техничари и акушерки на општина Штип
Здружение на младите аналитичари и истражувачи
Здружение на педагозите и психолозите Велес
Здружение на производителите на еколошко овошје „Јапонско јаболко" Валандо
Здружение на производителите на органска храна Органо-Логистик
Здружение на просветните работници и заштита на правата на жените и децата, ЛИЛ - С
Здружение на просветните работници Куманово
Здружение - Организација на жените на општина Свети Николе
Здружение Про Медиа Скопје
Здружение Радика-ДЕ
Здружение - Ромска организација на жените од Македонија ДАЈА Куманово
Здружение Титоисти - Охрид
Здружение„Хелтгрупер самит" - истражувања од областа на здравството и социјалната заштита
Здружение - Центар за едукација и кариера Отворен Свет - Скопје
Здружение - Центар за медицина, екологија и истражување МЕРЦ
Здружение - Центар за одржлив развој на заедницата
З.Ж. ЛУНА Македонски Брод
Институт за истражување и општествени иновации - Импакт
Културно-Иновативен Клуб Новаци - Новаци
Културно-општествена хуманитарна асоцијација Граѓанска Иднина Битола
Локална акциска група„Агро лидер"
Македонска платформа против сиромаштијата
Македонско здружение за заштита и спасување на планина и непристапен терен
Македонско здружение за меѓународна размена на студенти од техничките факултети
Македонско монтесори здружение за развој на образованието и воспитанието
Македонско патриотско здружение Тодор Александров
Меѓуопштинско здружение на телесните инвалиди на општините Велес , Градско
Младински сојуз
Младински културен центар - Битола
Младите можат
Н.О. Перспектива плус
Национална асоцијација за континуиран економски развој и демократија
Невладина организација Етно центар - Балканика
Нова еурека 2
НОВАК 2014 Новаци
Новинари за човековите права
Опција Охрид
Организација на жените на Општина Битола - Битола
Организација на жените Општина Велес
Организација на жените турчинки во Македонија ДЕРЈА
Организација на жените на Пехчево
Планинарско еколошко друштво„Аргентус моунт" - Тетово ... Shoqatës bjeshkatare ekologjike
Полио плус
Регионално географско друштво„Геосфера"
Ресурсен центар за самохрани родители Минус и Плус
РЗР Патник Крива Паланка
РК Алушовски Скопје
Сојуз - Национален совет за родова рамноправност
Сојуз за развој на образованието на возрасни и доживотно учење во Р. Македонија
Сојуз на дефектолозите на Република Македонија
Сојуз на извидниците на Македонија
Стрип-центар на Македонија
Т.Г.З. Ориентал - Кривогаштани
Транспаренси интернешнл - Македонија
Тренинг-центар за личен развој, комуникација и советување Луна
Тринити Прилеп
УСК Гоце Делчев 2014
Училиштен спортски клуб „Ѓорче Петров Спорт" Крива Паланка
Училиштен спортски клуб„Димо Хаџи Димов 2014" Скопје
Училиштен Спортски Клуб Шампиони - Д.К. Демир Капија
Фад Стоби
Федерација на производителите на органски производи на Македонија
Фондација Ацо Шопов Поезија
Фондација - Агробизнис иновации Битола
Фондација„Евроцентар" Старо Нагоричане
Фондација за локален развој и демократија„Фокус" - Велес
Фондација за локален развој и развој на информатичките технологии - Гевгелија
Фондација за медиуми и граѓанско општество Македонски Институт за Медиуми
Фондација за претприменииштво на жените и младите„Егалите", Камењане
Фондација - Регионална развојна агенција на Пелагонија Преда
Фондација„Сеавус ентерпрајс"
Форум за истражување на безбедносните политики Секуритас, Битола
Хуманитарна организација„Помош за хендикепирани и сиромашни" - ПХС
Хуманитарно здружение „Зеген" Шутка
Хуманитарно и добротворно здружение на ромската интелигенција - Англунипе
Центар за економски анализи
Центар за економски политички, анализи и консалтинг Цепак Скопје
Центар за интегриран развој - Охрид (ЦИРО)
Центар за истражување и креирање политики
Центар за Истражување на Национализмот и Културата - Скопје
Центар за културна деконтаминација Битола
Центар за одржливост и напредна едукација
Центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост ПОРАКА - Струмица
Центар за ромска заедница ДРОМ - Куманово
Центар за управување со промени (ЦУП)

## ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ОДГОВОРИЛЕ НА ПРАШАЛНИКОТ

| **Позиција на испитаникот** | | | |
|---|---|---|---|
| Застапник/директор | 57,1 % | | |
| Раководител | 10,6 % | | |
| Проектен соработник | 8,7 % | | |
| Друго (претседател/ка, секретар, основач) | 23,6 % | | |
| **Организациски облик** | | | |
| Здружение | 92,5 % | | |
| Фондација | 5,1 % | | |
| Сојуз | 1,6 % | | |
| Организациски облици на странски организации во РМ | 0,4 % | | |
| Друго (нерегистрирана, спортски клуб) | 0,4 % | | |
| **Примарно поле на дејствување** | | | |
| Животна средина | 7,5 % | | |
| Образование, наука и истражувања | 10,6 % | | |
| Култура | 10,6 % | | |
| Здравје и здравствена заштита | 3,5 % | | |
| Деца, младинци и студенти | 5,5 % | | |
| Спорт и рекреација | 6,3 % | | |
| Социјална заштита | 2,4 % | | |
| Информации, комуникација и медиуми | 3,1 % | | |
| Добро владеење - демократија, владеење на правото, транспарентност | 8,7 % | | |
| Развој на граѓанското општество | 5,5 % | | |
| Човекови права | 3,9 % | | |
| Децентрализација | 0,4 % | | |
| Лица со хендикеп | 2,8 % | | |
| Жени и родови прашања | 7,5 % | | |
| Поддршка на Ромите | 2,4 % | | |
| Меѓуетнички односи и толеранција | 0,8 % | | |
| Друго | 18,5 % | | |
| **Локација на организацијата** | | | |
| Вардарски регион | 6,3% | | |
| Источен регион | 7,9% | | |
| Југозападен регион | 7,5% | | |
| Југоисточен регион | 5,9% | | |
| Пелагониски регион | 15,4% | | |
| Полошки регион | 8,7% | | |
| Североисточен регион | 9,4% | | |
| Скопски регион | 39,0% | | |
| **Година на регистрација** | | | |
| Пред 1990 година | 3,1% | | |
| 1991-2000 година | 17,3% | | |
| 2001-2005 година | 17,7% | | |
| 2006-2010 година | 20,5% | | |
| 2011-2015 година | 41,3% | | |
| **Број на вработени во текот на 2015 г.** | | | |
| Нема вработени лица | 65,4% | | |
| 1 | 7,9% | | |
| 2-5 | 19,7% | | |
| 6-10 | 4,3% | | |
| 11-20 | 0,8% | | |
| 21-50 | 2,0% | | |
| **Извори на приходи** (процент на ГО кои во својот буџет имаат одреден износ на средства од различни извори во одредена година) | **2015** | **2014** | **2013** |
| Приход од државните средства (без средствата на ЕУ со кои управува државата преку, на пример, ЦФЦД) | 16,1% | 12,2% | 11,4% |
| Средства од странски донатори (ЕУ , УСАИД, СДЦ и др.) | 35,8% | 29,1% | 26,4% |
| Сопствени приходи (пр. економски активности, кирии, закуп и др.) | 36,6% | 26,8% | 18,9% |
| Други извори | 32,7% | 24,0% | 20,9% |

## ПРИЛОГ 3. ЛИСТА НА ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ СО КОИ СЕ ОДРЖАНИ ИНТЕРВЈУА

**Органи на државната управа**

1. Министерство за локална самоуправа. Интервју лице во лице одржано на 23.12.2016 г.
2. Генерален секретаријат во Владата на Република Македонија, Одделение за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија; Интервју лице во лице, одржано на 28.12.2016 г.
3. Агенција за млади и спорт. Интервју лице во лице, одржано на 22.02.2017 г.
4. Министерство за здравство. Интервју лице во лице, одржано на 17.03.2017 г.

**Организации**

1. Црвен крст на Република Македонија.Интервју лице во лице, одржано на 04.11.2016 г.
2. Сојуз на спортските федерации на Македонија. Интервју лице во лице, одржано на 01.02.2017 г.
3. Национален совет на инвалидските организации на Македонија. Интервју лице во лице, одржано на 09.02.2017 г.
4. Национално координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност. Интервју лице во лице, одржано на 29.12.2016 г.
5. Републичкиот центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост – ПОРАКА. Интервју лице во лице, одржано на 28.02.2017 г.